СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 март 1996 година

Скопје, март 1996 година

**41-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЛА**
**ОДРЖАНА НА 13 МАРТ 1996 Г.**

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - стр.1, 9
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 45,43
3. АБДИ ФАИК - 48, 74, 75
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 31
5. БОЈКОВ ИВАН - 57, 58
6. ВИДИМЧЕ КИРЕ-75
7. ВЕЛКОВСКИ ТИХОМИР - 62
8. ВЕЈСЕЛИ АБДУЉАЛИ -19, 20
9. ГОШЕВ ТУШЕ -37
10. ДАВЧЕВ САНДЕ - 6, 8
11. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН – 15
12. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 3, 52, 60
13. КАДРИУ ЗЕКИР - 60
14. ЉУМА ИЛИР -7
15. МУСОВСКИ ФЕРИД - 11
16. ОСМАНИ РУФИ - 53, 54
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 2
18. ПОПОВСКИ ВДАДО - 3, 10
19. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 29
20. РАМАДАНИ САЛИ - 34, 35
21. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 40, 44, 47, 73
22. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 63
23. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 71
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 71, 72, 74
25. ТАИРИ МЕВЉАН - 11, 22, 70
26. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 13
27. ХАСИПИ ЌЕНАН – 25

Дневен ред на стр.8

1. Избор на судии ви Апелационите судови во Скопје, Битола и Штип
Избор на судиите од стр.77 до стр.123
т.2 на стр.123
т.3 на стр.124
т.4 на стр.124
т.5 на стр.125
т.6 на стр.126
т.7 на стр.126

крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 13 март 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1 со почеток во 15,50 часот).

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ратка Куљан-Зографска, Рами Туда и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет

Записниците од Триесет и шестата и Триесет и осмата и Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе немам некој битна забелешка, меѓутоа имам една по однос на записникот од 36-та седница,

сигурно тоа е несакана грешка. Пишува пратеникот Кирил Ковачевски ги поставил следните прашања. Мислам дека пратеник Кирил Ковачевски немаме во ова Собрание. Тој беше пратеник во минатиот мандат. Тоа е на страна 12 на крајот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се прифаќа забелешката.

Молам, тоа да се коригира во записникот.

Дали уште некој пратеник има забелешка на записникот (нема)

Констатирам дека записниците од 36-та, 38-та и 39-та седница на Собранието на Република Македонија се усвоени со оваа забелешка на г-динот Ајдарага.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основаше пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка на парламентите на Норвешка, Финска , Шветска, Данска и Исланд, Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија, Предлог на одлука за разрешување од функцијата претседател на Изборната комисија за изборна единица 49 Охрид и Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот на комисијата, молам да крене рака?

87 пратеници гласаа за.

Дали некој е против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот на комисијата е усвоен.

Пратениците Стојан Андбв, Љупчо Мешков, Зоран Крстевски, Славе Наумовски, Владимир Станковски, Димитрие Поповски, Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Николина Трајковска, Илија Каров, Тодосија Паунов, Димитар Трпеновски и Санде Давчев бараат на оваа седница Владата на Република Македонија да поднесе информација за загрозеноста на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, министерот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Потребата е многу сериозна во секој случај Владата е под- готвена да изготви целосна анализа и да ја достави на Собранието на една од наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа јас мислев дека според Деловникот ќе добиев најпрвин збор да ја образложам итноста поради која групата пратеници од Либералната партија бараат да се стави ова бараше на дневен ред на денешната седница по итна постапка пред да се изјасни претставникот на Владата. Меѓутоа должен сум во име на тие пратеници да ги изнесам нашите аргументи.

I/4.-

Сведоци сме на појавата Република Македонија во последно време да ја заплиснува бран на своевиден тероризам. Групи насилници без страв влегуваат во куќи, ги ограбуваат домовите на граѓаните, ги малтретираат, а не ретко и ги убиваат. Случаите во Битола и Струга покажаа дека насилниците немаат никакви обѕири. Стари немоќни луѓе во нивните домови се врзувани,со селотејп им е затварана устата и се убивани. Случајот во Лазарополе покажува на слободата со која се движат и оперираат насилниците во Македонија. Случаите во Велес укажуваат на тоа каква безнадежност ги фаќа членовите на семејството посебно во случаите кога синот, или ќерката ќе излезат на најобична забава до некое од кафулињата, родителите треперат дали ќе ги дочекаат здрави и живи. Струмица стана подрачје на мистериозни и неразјаснети убиства. По конкретно предлагаме оваа информација да се поднесе од следните причини. Заради секојдневното се поголемо загрозување на животот, личната сигурност, имотот на граѓаните и покрај тоа што се работи аз темелни вредности на Уставот, на уставниот поредок на Република Македонија, заради тоа што човечкиот живот и имот никогаш во нашата држава не бил позагрозен и под закана како денес што наведува на општ недостаток на безбедност на животот и имотот на граѓаните. Заради се позачестените поединечни и групни пресметки меѓу млади луѓе добро опремени со средства за таа намена што често трагично завршуваа со губење на млади човечки животи и нанесување на тешки телесни повреди на учесниците и случајно затекнатите присутни. Ова е посебно карактеристично за Титов Велес. Заради се позачестените насилнички влегувања во домовите и убиства во повеќе градови во Републиката, заради потребата пратениците да бидат добро и редовно информирани за размерот на овие појави, степенот на нивното откривање и мерките што се превземаат од страна на надлежните државни органи за застанување на патот на ваквите појави кои земаат се посериозен замав со опасни последици.

I/5.-

Пратеничката група на Либералната партија оценува дека битно се загрозени највисоките човечки вредности, човечкиот живот, домот и имотот. Луѓето почнуваат да живеат во страв и тоа во мирно време како никогаш досега. Ние пратениците од пратеничката група на Либералната партија чувствуваме обврска спрема секој граѓанин за да им се врати мирот и сигурноста. Бидејќи овој бран на тероризам зема замав и добива на интензитет сметавме дека по итна постапка треба да се стави оваа точка на дневен ред на денешната седница. Мислењето што го кажа министерот за правда за мене е неприфатливо, зборувам во име на групата пратеници да не се стави оваа точка на дневен ред од следните причини заради тоа што прашањето за кое ова Собрание треба да биде информирано врз основа на нашето барање не е од таков карактер допрва да треба да биде проучувано, иако не спорам со потребата тие прашања да бидат темелно проучувани и разгледувани. Но, Владата и нејзините надлежни органи се должни во секој момент да ги имаат сите информации од оваа област, бидејќи тоа е нивна основна обврска. Впрочем во Законот за внатрешни работи во набројувањето на надлежностите на Министерството за внатрешни работи овие обврски се ставени како прва потточка во членот кој ги уредува тие работи. Ваквиот став и неспремност на Владата да даде таква информација укажува. на тоа дека можеби Владата и не ги следи овие состојби и дека досега не заседавала за да заземе став по ова прашаше. Затоа во информацијата што ќе ја добиеме се надевам на првата наредна седница бараме Владата да не извести за тоа колку пати заседавала по ова прашаше, што заклучила и што превземала во досегашниот период. Евентуалната индолентност на Владата не може поинаку да ја третираме освен како даваше простор на овој терористички бран со што ќе го отвори прашањето на одговорност за лошите состојби во истата област.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го слушнавте предлогот, односно образложението на еден од предлагачите на информацијата и мислењето на претставникот на Владата.

Кој е за предлогот на пратениците, молам да крене рака?

25 пратеници гласаа за.

Дали некој е против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (61)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратениците Симон Наумовски, Ристо Николовски и Санде Давчев предлагаат на оваа седница по итна постапка да се разгледа Предлогот на законот за изменување на Законот за здравствена заштита.

Предлогот на овој закон Ви е поделен.

Молам, еден од подносителите да ја образложи основаната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овој закон се предлага да биде донесен по итна постапка врз основа на член 344 од Деловникот на Собранието на Република Македонија според кој по итна постапка може да се донесе закон заради спречување и отстранување на нарушувањата во стопанството. Постојат најбитни две причини поради кои го предлагаме овој закон. Првата причина е тоа што Управниот одбор на Фондот за здравство донел Одлука да здравствените организации и буџетските организации при пресметка на придонесот за здравство не го пресметуваат коефициентот на сложеност. Тоа значи овој управен одбор се појави во функција на законодавно тело, односно го заменува Собранието. Така да ги доведе во нерамноправна положба вработените

од така да кажам буџетските организации и вработените од стопанството.

Втора причина е што финансиско економската положба во претпријатијата, во стопанството е крајно тешка и повеќе од 50% од претпријатијата во стопанството не можат да го плаќаат овој придонес, а сега им се појави некаде од 20 до 40% повеќе придонес да плаќаат за здравство. Така што овие организации, дел од нив ќе почнат и тој придонес што досега го плаќале да не го плаќаат.

Поради овие две причини мислам дека треба да се прифати, апелирам до пратениците да се прифати да се разгледа овој закон на денешната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, да се произнесе по овој предлог.

Има збор г-динот Илир Љума, заменик министер за здравство.

**ИЛИР ЉУМА:**

Бидејќи се работи за еден многу битен и сериозен закон ставот на Министерството за здравство околу овој предлог е тоа што предлогот прво треба да се разгледа од страна на Министерството, соодветната Комисија и околу овој закон да се произнесе и Владата на Република Македонија. Заради тоа предлагам за овој предлог да се изјасни Собранието на една од наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го слушнавте предлогот на Владата дека не се прифаќа на денешната седница да се расправа по овој закон.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Морам да дополнам само една работа, бидејќи уште пред два месец еден од пратениците постави пратеничко прашање и беше одговорено од министерот дека Владата ќе го разгледа тоа. Тоа беше пред два месеца. Пратеник исто така поднесе закон кое има слично решение како овој што ние го предлагаме и бидејќи Владата не го разгледала дека на наредната седница ќе биде тоа. Мислам дека треба да не се одлага овој проблем бидејќи Министерството, односно Фондот за здравство во идните месеци ќе има помалку пари со зголемување на придонесот , бидејќи дел од претпријатијата и она што го плаќале нема да го плаќаат. Така што мислам ќе има негативни ефекти на собирање на придонесот од работните организации. Бидејќи се што се зголемува придонесот на работните организации, се помалку работни организации ќе ги плаќаат придонесите. Така што мислам дека треба да се донесе тој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратениците Симеон Наумовски, Ристо Николовски и Санде Давчев на оваа седница да се разгледа по итна постапка Предлогот на закон (27 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (56)

Дали некој се воздржува од гласањето? (15)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на судии во апелационите судови во Скопје, Битола и Штип;

2. Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд Охрид;

3. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Ветеринарниот институт "Скопје"- Скопје;

4. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Норвешка, Финска, Шведска, Данска и Исланд;

5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

6. Предлог на одлука за разрешување од функцијата претседател на Изборната комисија за изборната единица 49-Охрид;

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседатели, секретари,членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, замолен сум од граѓаните од месната заедница Могорче да побарам на оваа седница денес да се даде куса , кратка усмена информација во врска со немилиот настан што се случи во село Лазарополе. Знам и свесен сум за она што дискутиравме пред малку за образложението кое беше дадено тука по однос на потполната информација по однос на немилите случаи што се случуваат во Македонија, меѓутоа заради тоа што се работи за месна заедница со мешан состав мислам дека добро ќе биде сепак луѓето да ги

информираме и покрај тоа што сум свесен дека се прават напори од страна на надлежните министерства за откривање на случајот, но сепак ценам дека е потребно да се даде една кратка информација, усна информација до каде се дојдени работите без да се навлезе по целосно во случајот заради тоа што сметам дека постојат и одредени работи кои што не се сеуште за кажување. Но, сепак ценам дека оваа точка треба да се даде и јавноста да се извести во врска со случајот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И ова прашање е практично дел од барањето информација од страна на пратениците на Либералната партија. Треба да се каже, а познато им е и на тие што ги поставуваат како итни на оваа седница поставени на оваа седница да се одговори дека е неопходно барем до наредната седница да се добие заснован извештај. Јавноста исто така треба да знае дека за вакви прашања обично секогаш информациите можеле да бидат да- дени на една од наредните седници.

Да го искористам излегувањето и да кажам дека Владата има заседавано и разгледувано особено по последниот случај го има разгледувано прашањето. Она што во рамките на случајот со Лазарополе е познато е објавено, што е познато за јавноста е објавено, а што се однесува до истрагата и до степенот на разоткривањето заради точно интересот на таа истрага сметаме дека во овој момент не треба да се изнесуваат оние наоди кои што до овој момент ги располага службата за внатрешни работи. На наредната седница Владата ќе излезе со анализа, образложение и комплетна информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Ајдарага го прифаќа мислењето на претставникот на Владата? (Го прифаќа)

Има збор г-дин Мусовски.

**ФЕРИД МУСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со прашањето на колегата Ајдарага да дадам објаснение, бидејќи не се работи само за месната заедница од Могорче, туку се работи и за месната заедница од с. Скудриње на која изборна единица јас припаѓам.

Во претходните два дена имавме расправии меѓу двете месни заедници како, што, ја изразуваа огорченоста на овој начин и само да ве информирам дека е договорено двете месни заедници и Министерството за внатрешни работи, истрагата е во тек и јас треба да контактирам со Министерството, тоа го направив и во наредните денови ќе се излезе со прва информација и со Прес-конференција за немилиот настан во Лазарополе кој тешко е примен вореканскиот крај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, не знам дали е процедурално во ред ова што ќе го предложам, но имам предлог за наредната седница ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не расправаме само за оваа седница кои точки можат да се уврстат, а доколку нешто предлагате за наредната седница ќе го предложите во писмена форма до претседателот на Собранието.

II/2.-

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Се извинувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (74) .

Дали има некој против? (19)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Почитувани пратеници, пред да преминеме на првата точка од дневниот ред го молам министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина г-динот Јорго Шундовски, кој не беше во можност да присуствува на седницата на која Собранието ја избра Владата на Република Македонија да даде свечена изјава.

Ве молам да станете и да ја сослушаме изјавата. (Сите во салата стануваат).

"Изјавувам дека функцијата министер за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина во Владата на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Благодарам, и го молам г-динот Шундовски да ја потпише свечената изјава.

(Министерот Шундовски ја потпишува свечената изјава)

(Потпишувањето е проследено со аплауз).

Му честитам на министерот Шундовски за избор за министер во Владата на Република Македонија.

II/3.-

Преминуваме на **<u>првата точка</u>** од дневниот ред - <u>Избор на судии во апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.</u>

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен. Поделени Ви се и извештаите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за меѓунационални односи.

Отворам претрес,

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, а воедно ви честитам на изборот од оваа говорница, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри членови на Владата^на Република Македонија, почитувани претставници на Републичкиот судски совет.

Предлогот за избор на судии во апелационите судови во Скопје, Битола и Штип ни беше на дневен ред на седницата на Комиси- јата за меѓунационални односи. Предлогот беше разгледан со посебно внимание од сите членови на Комисијата. Ова се чини сосема разбирливо ако се има предвид значењето на прашањето за конституирањето на третата власт, како и фактот дека судиската функција е доживотна.

Веднаш да кажам дека ми беше оневозможено до крај да дадам придонес, со оглед на тоа што на седницата не присуствуваше претставник на Републичкиот судски совет иако беше уредно поканет. Го сметам не присуствувањето на претставник на предлагачот на седниците на комисиите како игнорантен однос на Републичкиот судски совет кон работните тела на Собранието. Ни се укажа на неможноста од релевантна расправа во која би биле изнесени сите аргументи неопходни за одлучување по ова мошне значајно прашање, а кои не се содржани во предлогот.

II/4.-

Исто така,во прилог на материјалот немаше материјал во кој да бидат содржани пошироки информации односно компаративни податоци за работата на сите пријавени кандидати со цел да можам да се определам дали ќе им дадам поддршка на овие предложени кандидати.

Поаѓајќи од членот 40 од Законот за судовите според кој при изборот на судиите не смее да се има дискриминација во однос на полот, расата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, на прашањето на соодветната застапеност на националностите констатирам дека тие не се соодветно застапени при што сметам дека во скопскиот апелационен суд бројот на судиите од албанската националност би требало да се зголеми за уште 10, а во битолскиот апелационен суд да има барем двајца судии припадници на албанската националност. Сметам дека предлагачот не водел доволно сметка за критериумите од член 40 став 2 од Законот за судовите, односно за застапеноста на кандидати до националностите.

Исто така, моја забелешка е и во однос на регионалната застапеност на која што требаше да биде поведено повеќе грижа, би требало да бидат опфатени судии од сите региони. Така на пример од Кичево нема предложено ниту еден кандидат. Од Гостивар само еден и тоа Турчин, што неговиот предлог го ценам. Од Тетово е предложен само еден Албанец, што исто така е многу мал во однос на бројноста на судиите што Тетово и Гостивар ги има и сигурно учествувале во огласот.

Предлагачот не нашол за сходно да предложи повеќе Албанци во овие три апелациони судови. Меѓу судиите во овие региони има доста кои се стручни, а воедно дале придонес во развојот на меѓу-националните односи. Во Предлогот за избор на судии во апелационите судови Скопје, Битола и Штип има предложно кандидати кои уште една година треба да заминат во пензија, па се поставува прашање дали е упатно да се предлагаат такви кандидати.

II/5.-

Сметам дека предлогот за избор на судии би требало да се врати на повторно разгледување пред Републичкиот судски совет имајќи ги предвид нашите забелешки. Пред да се направи тоа барам од претставниците на Републичкиот судски совет да дадат образложение за предлогот кој е денес овде пред нас, со оглед на фактот од постојниот предлог кој го имаме е недоволно образложен за да можеме ние пратениците да гласаме за некои од нив или да не гласаме.

Во врска со тоа во Вашето образложение да бидат опфатени и следните прашања:

Прво, кои се причините што не е адекватно применет членот 40 став 2 од Законот за судовите и зошто недоволно се застапени националностите во Предлогот?

Второ, кои биле критериумите што ги применил Републичкиот судски совет при предлагање на кандидати за судии во апелационите судови во Скопје, Битола и Штип и

Трето, зошто не се опфатени рамномерно сите региони во Републикава и др.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, и покрај тоа што предлагачот Републичкиот судски совет во предлогот упатен до Собранието на Република Македонија наведува дека при изготвувањето на предлогот за судии во апелационите судови на Република Македонија се раководел од принцип на објективност и дека при составувањето на предлог - листата ги имал предвид сите критериуми за стручните, моралните и човековите квалитети при најобичниот преглед на предложените кандидати за

определен број од нив се констатира спротивното. Сите граѓани на оваа Република лично или професионално имаат контакт со судовите или судиите и имаат доволно сознанија за одредени судии предложени од страна на Републичкиот судски совет што слободно може да се укаже дека при предлогот не преовладале критериумите на кои се повикува предлагачот, туку напротив дека провејува одреден субјективизам или нешто друго.

Инаку, како можат да бидат предложени судии кои во едни не така дамнешни времиња биле егзекутири на тогашната власт, кои биле директни учесници во низа монтирани процеси и суделе според директивите на тогашните партиски и полициски органи. Не би требало да се има кратко паметење и да се заборават тие судии кои последните неколку години на деполитизираното судство се сплотија и се обидоа да паднат во заборав нивните претходни однесувања и постапки, посебно што не е за изненадување е тоа дека се работи за луѓе. со ниски морални, човекови, стручно професионални квалитети. Впрочем, затоа што само на таквиот може да се влијае.

Кој гарантира дека тие луѓе се предложени судии нема и во иднина да потпаднат под влијание на одредена актуелна власт без оглед која и каква да е и совесно да ги извршуваат поставените задачи.

Судиите на кои судската функција им била споредно занимање и кои повеќе се занимавале со други доходовни дејности како претставување на приватни странски осигурителни компании , приватен бизнис за семејството, се занимавале со политика, застапување на одредени политички ставови и слично, кое нешто е апсурдно спротивно со статусот на судијата и неговата деполитизација и не ангажирање со дејноста која е во спротивност со обавување на судската функција.

II/7.-

Судии чија професионална нестручност е општопозната во судските кругови и пошироко без оглед што долги години ја обавувале функцијата судија, но за жал на штета на граѓаните и претпријатијата во Република Македонија. Судии кои според годините на стажот веќе го загубиле неопходно потребниот елан за работа посебно што веќе се неповратно формирани во профил на судии на еден веќе минат државен систем со сфаќања менталитет и стручна оспособеност која не гарантира вклопување во денешницата и современите процеси на правораздавањето. Судии кои според своите покажани и докажани политички ставови се определиле за нешто што е апсурдно инкопатибилно со судската функција и воопшто со лојалноста на оваа држава. Судии кои од пред извесни времиња држеле во своите канцеларии фотографии на лидери на соседни држави, знаменца и карти кои јавно ја покажувале нивната политичка и не само таа ориентација. Судии кои во своите канцеларии организира- ле секојдневни седенки и разговори апсолутно спротивни на интересите на оваа држава. Посебно што некои од нив биле добро познати на својата средина со своите екстремно националистички ставови и погледи. Судии кои живееле долги години во други држави, таму се остручувале и обавувале функции и кои денеска се појавуваат во оваа држава на возраст и свои веќе формирани ставови и ориентации. Судии кои во одреден период со своето однесување, постапки и одлуки фрлале сомнение на себе и ја довеле во прашање непродуктивноста, чесноста и непристрасноста на судскиот позив. Судии за кои е општо познато дека кај нив за одреден надомест може да помине се ама баш буквално се. Судии кои од најтесното семејство имаат членови кои се адвокати што само по себе не е проблем, меѓутоа, кои повеќекратно манифестирале при- страсност и субјективност во полза на странки поврзани со нивните членови од семејството.

II/8.-

Судии чии деца се на студии во странски држави во Бугарија, обезбедиле владини стипендии во странски држави, па и странско државјанство со што докажуваат дека кога се во прашање личните интереси ништо друго не е важно, чии сопрузи и членови на потесното семејство се занимавале со сомнителни бизниси, држење локали со сомнителна дејност и кои заради тоа биле предмет на полициски третман.

Мора да се признае дека сме посочил кандидати за судии други воглавно според својата стручност и други квалитети го определуваат предлогот на Републичкиот совет. Меѓутоа, мора да се напомене дека фактот што определени судии не се најдоа на листата на предложените кандидати предизвика големо разочарување во сите кругови кои имаат било каква врска со судството во Република Македонија. Јавно се зборува дека не предлагањето на тие кандидати предизвикало негативни реагирања кај одредени членови на Републичкиот судски совет, Министерството за правда и Врховниот судна Македонија. Како може да се случи да не бидат предложени некои од докажаните најстручни судии на Окружниот суд во Скопје и Окружниот стопански суд во Скопје кој според својата професионалност и чесност мораа да се најдат на листата на предложените кандидати.

Како е можно да не бидат предложени судии за кои сите ама баш буквално сите немаат никакви замерки, туку само пофални зборови. Како може да не бидат предложени судии кои биле членови на Комисијата за полагање на правосудниот испит, испит кој мора да го положат сите судии и адвокати,кои како најстручни се делегирани во повисоките судови кои биле утврдени кандидати за судии на Врховниот суд на Македонија кои суделе најпрофесионално, најтешки и најсложени предмети кои уживаат неподелен углед и авторитет кај сите учесници во судската постапка. Навистина за ваквата постапка не може да постои никакво аргументирано образложение освен дека тие кандидати за судии

недоволно се ангажирале кај поедини членови на Републичкиот судски совет за да го дадат својот глас.

Од друга страна тоа укажува на субјективизмот и на некои други мотиви кај членовите на Републичкиот судски совет. Ваквото постапување на Републичкиот судски совет преку истакнување предлог за кандидати на судии во апелационите судови во Скопје отворено го доведува во прашање иницијативата за давање на едно навистина независно, стручно и квалитетно судство кое ќе може одговорно да ја обавува судската власт во државата и да придонесе во создавање на за жал, веќе многу употребуваната фускула правна држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вејсели.

**АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, пред да се изјаснам за предлогот за судии на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип уште еднаш сакам да го актуелизирам барањето еднаш одбиено од страна на овој Парламент во законот за судовите дополнително да се внесе основање на апелационен суд во Тетово или Гостивар.

**АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ:** (Продолжение)

Територијалната поставеност- на апелационите судови без никаква рационална или убедлива аргументација е направено така што цела Македонија ја собира од Скопје па до Гевгелија, а без апелациони судови се остава цела Западна Македонија, која зафаќа над 200 илјади км . Навистина со тоа се среќаваме со една најлудна логика во територијалната поставеност на овие судови, па и другите. Се знае тоа зошто се прави така. Се прави точно поради национално плуралната структура на Западна Македонија, а посебно што во овој дел Албанците се во мнозинство. Сега функцијата на судовите што треба да се основаат во овој дел на Македонија, во конкретниот случај треба да ја изврши апелациониот суд во Скопје кој поради овој инает треба да биде 2-3 пати поголем, значи со 49 судии, а другите 2 апелациони судови да бројат 24 односно 15 судии. Навистина чудни стандарди. Затоа предлагам денес да не се изберат судиите на апелациониот суд во Скопје, а да се изберат само судии за апелациони судови во Битола и Штип, се разбира тие што ги исполнуваат критериумите и услови за судии. За судиите за апелациониот суд во Скопје да се разгледа можноста за основање апелационен суд во Гостивар и Тетово. Основата за основање на овој судови во овие градови е повеќе отколку јасна и баш во духот на критериумите врз кои се основани апелационите судови во Битола и Штип, врз критериумот односно начелото на економичност, експедитивност и квалитетно извршување на работите. додека со основање на ваков суд во Тетово и Гостивар се исполнува и најбитниот критериум односно најбитното уставно начело, рамноправноста и еднаквоста пред законот.

III/2

Што се однесува конкретно за предлозите за судии, имам многу начелни забелешки, а и конкретни.

Во прв ред моја забелешка е дека се многу варијабилни, неконзинстентни критериумите при предлозите за судии. Податоците за кандидатите се многу штури, односно кратки, дури и за најбитните елементи за нивната професионална наобразба или успешност во работата. Дури за некои не се знае ни каде се родени, каде работеле, што работеле во судовите, од каде доаѓаат, а за некои не се знае ни каде живеат сега. Овој начин на составување на биографиите на кандидатите неминовно не потсетува дека при нивното кандидирање не се почитувани критериумите кои се релевантни за овој повод.

Според мене при гласањето за овие кандидати сите ние би имале мирна совест зошто сме гласале за нив кога не знаеме поодделно како ја вршел работата во досегашниот период како судија кога не знаеме за секој од кандидатите колку предмети извршил, колку ги решил, колку му се вратени на повторно разгледување, колку барања за изземање поднесени се против нив и врз која основа колку укинати или преправени предмети, па потоа на која материја работел, на кривична или граѓанска, потоа времетраењето на постапката итн. Значи нема релевантни податоци врз кои се оформуваат нужните параметри кои би биле многу битни пратениците да се одлучат да гласаат со чисто срце.

Моите најбитни забелешки се однесуваат токму на националната застапеност на судиите. Бројот од 5 судии е обична фарса во поглед на реалната рамноправноста на националностите, конкретно на Албанците во судската власт.

Предлагачот сигурно се потпрел врз чудната законска формулација - соодветна застапеност и тоа може да значи еден судија или 10, сеедно, а се знае дека реални стандарди за овие случаи и многу други се или паритетот или пропорционалност. Кога би трагнале само од овие реални стандарди, односно на едниот од нив, пропорционалноста, во овие судови би требало да се изберат над 20 судии Албанци од вкупниот број 88. Затоа барам уште еднаш да се разгледа можноста да се подобри националната застапеност во овие судови, посебно од редовите на албанската националност, со дополнителен предлог на извесен број кандидати.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претседатели и претставници на Републичкиот судски совет. Уште во фазата кога се носеше законот за судовите мислам сите се сеќаваме на барањето што беше изнесено од претставниците на албанските партии за основање на апелационен суд во Тетово и Гостивар, како што и претходниот дискутант го кажа тоа и одбивањето да тоа се направи. Во секој случај сите се надевавме дека на некој начин, со член 40 став 2 од законот до некаде ќе се ублажи оваа состојба и ова наше незадоволство. Во тоа време тоа наше барање за основање Апелационен суд во Гостивар или во Тетово, за подрачјето на Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и за некои други општини беше одбиено, што беше и причина пратеничката група на ПДП да не гласа за законот.

Сега, од оваа предложена листа лесно се доаѓа до одговорот зошто тогаш беше одбиено ова барање. До колку би се прифатиле

критериумите по кои, изгледа се раководел Републичкиот ски совет, сите овие судии кои би биле предложени за евентуалниот Апелационен суд во Тетово или Гостивар, би требало да бидат од Тетово или Гостивар, всушност така е постапено во случајот на Штип и Битола. Сега е сосема јасно зошто таков пристап и такво наше барање не било можно да се задоволи.

И според другите дискутанти и јас сметам дека општо е познато дека Републичкиот судски совет како орган кој треба да води сметка како се спроведува законот од страна на судиите кои се директно продолжена рака на оние кои треба да го реализираат она што ние како пратеници тука го усвојуваме, сметам дека ќе се дојде до заклучок дека член 40 став 2 од Законот не е испочитуван и тоа драстично.

До колку Републичкиот судски совет би го почитувал законот и би водел сметка за тоа што е запишано во законот, националностите би биле застапени во поголема мера отколку што е тоа случај со оваа предложена листа за избор на судии во апелационите судови, во Скопје, Битола и Штип.

Кога би се испочитувал цитираниот став од став 40 кој упатува на соодветна застапеност на националностите, во најмала мера би требало да бидат предложени уште 15-тина судии Албанци, имајќи ја предвид официјалната статистика. Зошто тоа не е направено, очекувам да даде одговор претседателот на Републичкиот судски совет или претставник на Републичкиот судски совет, бидејќи колку што ми е познато, бројот на пријавените кандидати Албанци кои ги исполнуваат условите изнесувал 28. Така што овој пат не би можело да се дадат забелешки кои често пати се изнесувале како аргументи

за несоодветната застапеност на Албанците, дека нема кадри кои ги исполнуваат предвидените стручни критериуми. Сметам дека имаме доволно аргументи и можности оваа неповолна состојба да ја подобриме, а истовремено да ги почитуваме сопствените изградени критериуми кои понатаму сме ги санкционирале со конкретни законски определби.

По однос на целата постапка за предлагање судии за апелационите судови, би сакал да нагласам дека во одредени кругови, правнички кругови, судски кругови, кои се тангирани со овој предлог односно во редовите на еминентните правници, има доста забелешки по однос на квалитетите на одреден број предложени кандидати кои служат за послушни судии, додека, истовремено, лица кои служат за бескомпромисни поборници на правдата се елиминирани.

Кога кон ова ќе се надоврзе и односот на Републичкиот судски совет кој не најде за сходно на расправите кои се водеа овие денови во Собраниските комисии, кои работеа редовно без присуство нас претставници на Републичкиот судски совет, мислам дека пред нас пратениците е една доста неповолна состојба, кога треба да одлучуваме без да имаме можности квалитетно да изградиме став за тоа како да се определуваме по ова прашање. Во таа смисла очекувам од сите нас како пратеници, а и од претставниците на Републичкиот судски совет да покажат должна почит за сите овие забелешки и да дејствуваат во правец на надминување на истите. Во таа смисла предлагам и сметам дека треба да се врати целата листа на обработка, доработка, преиспитување и уште еднаш да се достави пред нас.

III/6

**ЃЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитуван министре почитувани претставници од Републичкиот судски совет. Денес пред Собранието на РМ и пред нас пратениците стои една одговорна обврска, избор на судии во апелационит4е судови во Скопје, Битола и Штип. Морам да напоменам дека обврската е не само одговорна, туку во овој момент е, дотолку повеќе што меѓу многуте стручни и морално квалитетни и стручно компетентни судии мораме да се одлучиме за 88 кандидати од вкупно 387 заинтересирани и пријавени кандидати за Републичкиот судски совет.

Согласно член 105 алинеја 1 од Уставот на РМ и член 13 од Законот за Републичкиот судски совет, Републичкиот судски совет на Собранието му предлага избор и разрешување на судии и утврдува предлог за разрешување од судска функција во случаите утврдени со Уставот.

Алинеја 3 од истиот член ги овластува Републичкиот судски совет да ја оценува стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција. Се бе било во ред, до колку овие неколку напишани реченици би биле правилно преточени во пракса. од друга страна алинеја 15 од член 68 од Уставот на РМ го овластува Собранието и со тоа и секој пратеник да врши избор и разрешување на судии. За совесно и одговорно извршување на оваа уставна обврска сосема е логично Собранието т.е. пратениците да располагаат со показатели за стручните моралните квалитети и професионалната компетентност и искуство во работата на секој од пријавените кандидати поединечно и за критериумите на Републичкиот судски совет врз кои е одучувано за пријавените кандидати најмалку од од две причини: прво, со цел да се

гласа за најквалитетните од стручен, морален и професионален аспект и второ да се елиминираат сите можни пресии и побуди од било која природа за истите својата дејност да ја извршуваат самостојно и независно согласно член 98 од Уставот на РМ. Од друга страна процената на стручноста и совесноста на судиите не се базира само врз декларативно тврдење дека изборот е извршен врз тие критериуми туку врз база на податоците за постигнатите резултати, бројот на решените предмети, квалитетот и ажурноста во работата и ред други параметри.

Собранието на РМ, поточно нејзините работни тела за аргументирани расправа од оваа сфера, мора да располага со голем број показатели, ако сакате и со компаративни анализи, до толку повеќе што предложените кандидати се избираат со траен мандат и што судската власт мора да биде самостојна и независна, до колку сакаме да владее правото и да се конституира правна држава во вистинска смисла на зборот.

Неколку од говорницата овде го цитираа член 40 од Законот за судовите. Јас тоа не сакам да го повторувам, меѓутоа, случајно не го потенцирам тоа, бидејќи во РМ мораме да внимаваме на соодветната застапеност на припадниците на националностите и во судската власт. Тоа подразбира, при еднакви услови, јас би се осмелил да речам приближно еднакви услови, од аспект на стручноста, моралноста и професионалноста од специјалната компетентност предност да им се даде на националностите од проста причина што националностите по вака профилираниот кадар квантитативно далеку заостануваат зад мнозинскиот народ. Од тука сосема е логично да се изнаоѓаат балансирани решенија за стабилна меѓунационална клима на овие простори.

III/8

Републичкиот судски совет како уставно овластен предлагач ни достави листа на предложените кандидати за апелационите судови за Битола, Скопје и Штип. Истата листа, освен автобиографски податоци, за предложените кандидати содржи една ваква формулација: "по разгледувањето на поднесените пријави од кандидатите врз објективна процена на стручните и моралните квалитети на кандидатите, нивната професионална компетентност и искуство во досегашната работа, постигнатите резултати во работата при ислушувањето на мислењата на министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на РМ, на седниците одржани на таа и таа дата ги утврди на напред наведените кандидати за судии во апелационите судови како кандидати со највисоки стручни работни квалитети и истите му ги предлага за избор на Собранието на РМ" и ништо повеќе.

Господа пратеници, можеме ли како пратеници на Републичко собрание, врз основа на горе изнесените констатации реално и со чиста совест да расудуваме и да одлучуваме за овој или овој кандидат. Каде се критериумите по бројот на предметите, квалитетот и ажурноста во работата, мислењето на Врховниот суд и сл. Каде се податоците за пријавените а не предложените кандидати. Каде е интенцијата за соодветната застапеност на националностите. Која е законската пречка на барањето на седницата на комисијата за меѓунационални односи да се повика претставникот на Републичкиот судски совет да ја образложи предлог листата, и истиот да не се појави т.е. да има игнорантски однос пред едно работно тело на органот на кого се обраќа да ја усвои листата на предложените кандидати. Смета ли Републичкиот судски совет дека врз основа на понудените штури информации можеме одговорно и совесно да одлучуваме за понудените кандидати. Смета ли Републичкиот судски совет дека бројот од 5 до 6 предложени кандидати

од националностите се доволни и најдобро решение. Дали Републичкиот судски совет смета дека е најдобро решение во апелационите судови во Битола и Штип да нема ни еден припадник од националностите а од поедини региони ни еден кандидат, или пак еден предложен кандидат од Гостивар за што во не така далечно минато се предлагаше да има и апелационен суд. Смета ли Републичкиот судски совет дека би можел одговорно и правилно да одлучува до колку и тие би располагале со толку податоци колку им е Презентирано на пратениците. Поаѓајќи од тој факт зошто не се одѕива на барањата на работните тела да присуствуваат на нивните седници и подетално да ги информираат пратениците за начинот на кој е предложена предлог листата за избор на судии во апелационите судови.

Морам да напоменам дека на листата има 2 кандидати од турската националност. Јас тоа задоволство го делам, меѓутоа познавајќи ги двајцата кандидати, можам одговорно да тврдам дека од сите критериуми заслужуваат да бидат судии на апелационите судови, до толку повеќе што истите тие кандидати беа кандидирани за Врховниот суд на РМ. Сметам дека барем еден од нив заслужуваше да биде и на таа листа од предложени кандидати. Врховниот суд на РМ помина без кандидат од турската националност. Затоа сметам дека некои вакви корелации и споредби во однос на припадниците на турската националност не би држеле, со оглед на тоа дека не се застапени во Врховниот суд, меѓутоа го најдоа своето место во апелациониот суд во РМ.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господа. Денеска на дневен ред е Одлуката за избор на судии в©-. апелационите судови во Скопје, Штип и Битола. Меѓутоа, вака како што е даден предлогот од Судскиот совет мислам по мое дека е направено, сепак, знаејќи дека прав- дата не може да биде објективна, точна, но сепак ми се чини дека има некои пропусти што се овде направени и листава што е дадена не е објективна, имајќи предвид во изминатото кои биле судии во Уставниот суд, во Врховниот суд и да немаат место денеска во апелациониот суд, мислам дека е неправда. Мислам дека овие судии се до- кажале со нивната работа и затоа дошле до Врховен суд, дошле до Уставен суд и мислам дека при исти услови приоритет треба да им се даде на овие судии што се пријавени.

Понатаму, мислам дека треба приоритет при исти услови да се даде на судиите во окружните судови кои биле порано, во Окружниот суд, во Стопанскиот окружен суд, како и во Судот на здружениот труд, мислам основните судови што биле, да им се даде приоритет. Тоа не е направено.

Натаму, мислам дека критериумите на кои што Судскиот совет се базирал се повикува дека не се изведени до крај и сите можности дека не се утврдени во прилог на реалноста, во прилог на правдата, дека се направени некои отстапки и некои пропусти.

Не се присутни, како што беше кажано, ако е некој судија над 12 години колку што се бара, дали навистина има како судија работен стаж над 12 години или нема. Има и такви кои немаат над 12 години работено како судија. Мислам дека тоа треба да се провери, да се види дали навистина е така и дали може тој критериум да се изземе и така лесно да појде преку Собранието.

За работа на судиите кои конкурирале, мислам дека треба да има место во податоците од неговото стапување во судската палата, било општинска, било окружна, било врховен суд, колку предмети се решени вкупно по години. Од тоа колку предмети се вратени по втор пат, по трет, четврт и повеќе пати. Колку предмети се решавани по договор, односно по спогодба, затоа што можеби знаеме најдобро да се реши по спогодба а не по правда како треба. Влијание на судијата да се реши по спогодба, иако правдата не е така.

Сите овие критериуми, неговата работа, искуството, способноста денеска не се присутни во предлогот. Исто така не е воопшто присутно бидејќи е познато дека имаме именување, дека не мора да биде присутен, на сите кандидати кои имаат желба да бидат при именувањето. Меѓутоа, ова е конкурс. Се пријавиле на конкурс. Последната одлука ја донесува Собранието. Собранието треба да му даде образложение на кандидатот кој конкурирал а не е избран. Зошто не е избран, кои се причините да не биде избран. Може да работи 25 години, 30, 15 години во тие институции, а сега веќе понатаму не може да продолжи. Треба да му се каже зошто не може понатаму да биде судија. Реков дека тие квалитети и по квантитет и по квалитет да бидат присутни па да му се одговори.

Јас, денеска не знам, знам само кој се предлага, а кои се пријавиле не знам. Би требало бидејќи е по конкурс да ја имаме и листата на пријавени и на кратко зошто се одбиени. Тогаш мислам дека сепак ќе знаеме и ќе можеме по правично да одлучуваме.

Одам на лична идеја, дали не би било поправично Судскиот совет заедно со Министерството за правда и Врховниот суд да определат судии кои под еднакви права можат да бидат избрани за судии и таа листа да се достави. Ако треба 95 нека бидат 98, нека бидат 150, 200, па собранието нека гласа тајно или јавно. Кој има најмногу гласови тој ќе биде избран, а кој има помалку гласови до тој број, тој ќе отпадне како

судија и тогаш нема да биде, мислам дека правдата ќе биде запазена и дека самиот судија кој нема да биде избран со ставање на дневниот ред, со ставање на гласање а не е избран од Собранието, а причините и другите проблеми што биле присутни се во Собранието а не се во други институции.

Поради тоа сметам за правда, за најреално листата повторно да се прегледа и на сите овие укажувања што беа дадени на седницата повторно да се продискутира, да се види и да се предложи поширока листа од оној број колку треба судии и мислам правдата ќе биде задоволена, како од граѓаните, така од Собранието така и од другите институции и без разлика ако некој не биде избран .

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Биљаљи.

**МЕРСЕЛ БИЛАЉИ:**

Господине претседателе, дами и господа мое мислење дека ова прашање заслужува не само политички пристап, туку едноставно и правен пристап и прагматичен пристап. Заслужува политички пристап од Ј причина што, мора да признаеме дека живееме во еден амбиент каде сит е прашања носат политички белег односно политичка димензија. Тоа е реалност. А, да се борите против реалноста тоа значи исто како да се бори- те против сопствената сенка.

Кај нас изгледа хронична болест застапување на националности во државните институции и тоа е така. А, општо на чело на правата на човекот, на правната регулатива на доменот на правата на човекот претпоставува пропорционална застапеност на националните заедници и овие начела нас, сакајќи или не не обврзуваат.

Сакаме да се интегрираме во Европските процеси. Меѓутоа, мора да имаме предвид дека за тие процеси се бараат и нови стандарди и

таму не може да се оди со стар багаж. Нашите органи, на забелешка на претставниците од меѓународните институции за премалата национална застапеност во државните институции се повикува на тоа дека сепак вината ја носи бившиот систем. Значи, тој систем фактички е претворен во дежурен виновник.

Меѓутоа, се поставува едно прагматично прашање. Кој сега ни пречи постепено да одиме да ја санираме таа состојба, односно да воспоставиме нормален тек на односи? Сега, исто така се поставува прашањето кој ќе биде тој дежурен виновник кога фактички ние ќе комуницираме со тие претставници со тие институции, пак ке се повикуваме на тој виновник.

За жал, изгледа новиот амбиент е изменет само во врска со политичката реторика, а не и политичката агенда, односно не е изменето сфаќањето за реалноста. Перманентно се повикуваме на граѓанското, а реално резонираме еднонационално. Ова прашање заслужува правен пристап затоа што се работи за прашања на почитување или непочитување на постојниот закон, односно Законот за судството.

Законот за судството предвидува дека при избор на судии ќе се има предвид соодветната национална застапеност. Во повеќе закони во светот се употребува поимот соодветна застапеност, наместо поимот пропорционална, затоа што зборот пропорционално може да предизвика потешкотии при пресметување на одделни квоти. Значи, се работи за непочитување на закон од страна на Судскиот совет.

Тука имаме еден апсурд. Судскиот совет кој по Устав има право да предлага судии, чувари на законот, истиот не го почитува законот. Тука едноставно мора да поставиме прашање како и дали имаме морално право да бараме од граѓаните да се придржуваат кон законите, да ги почитуваат законите ако државните институции кои имаат толкава одговорност не се придржуваат кон тие закони.

Во Уставот, Судскиот совет е надлежен за дисциплинска одговорност на судиите, а изгледа и самиот како надлежен орган како одговорен орган не е правно дисциплинирана. И со изборот на судиите на Врховниот суд што се покажа и не сакам повеќе да го коментирам.

Според мое мислење, крајно е време нешто да се направи со овој судски совет за кој изгледа не важат закони. Ниту една институција нема право да предизвикува дополнителни тензии и недоверба во Македонија а исто така ниту еден член во државните институции било до Парламентот, Владата па и Судскиот совет немаат право, а ни мандат да биде толку искрен пред граѓаните без оглед на националноста.

Трето, ова прашање има прагматичен пристап од причина што анахроно Судскиот совет да предлага и лица кои објективно не можат да се адаптираат кон новата правна култура, не можат да се адаптираат кон новата правна филозофија и на крајот не можат да се адаптираат кон новиот правен дух.

Во предлогот на Судскиот совет изгледа најде место и социјалата. Господа, познато е дека пазарната економија и приватизацијата доведоа до тоа стотина илјади луѓе да бидат претворени во социјални случаи. Јас не гледам причина зошто да се поштедат луѓе од државните институции, управата, органите на власта, итн. Затоа што сите граѓани се рамноправни и товарот на транзицијата треба сите подеднакво да го поднесуваат.

Мојот предлог на крајот е листата да се редуцира и од листата да се иземат кандидати кои ги исполнуваат условите за пензија и така да им се даде предност на помладите кадри.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

IV/6.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска еден општ, еден специфичен и еден формален поглед.

Прво, не е спорно дека за избор на 49 судии на Апелациониот суд во Скопје, 24 во Битола и 15 во Штип се прибавени мислења за стручните и работните квалификации и квалитети во тие судови од органите и други правни лица во кои работат, од судот од каде се избираат и врховниот суд на Република Македонија и дена Републичкиот судски совет извршил објективна проценка за стручните и морални квалитети на кандидатите и професионалната компетентност и искуство во работата. Како таков, надлежниот суд, Републичкиот судски совет го поднесува овој предлог за избор на судии во овие апелациони судови.

Тоа може, а не мора да биде се во ред. Меѓутоа, тоа е само еден сегмент, гледано од еден агол, недоволно. Тоа ќе беше доволно кога врз основа на информациите што ги има и анализите што ги направила кога за овој предлог се гласаше или пак ќе ги именуваше Републичкиот судски совет а не Собранието на РМ, односно поединечно пратениците од овој дом.

Сметам дека, за нас пратениците овие аргументи и анализи што се направени не се доволни.

Според член 62 став 3 од Уставот на РМ, пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување. Не само за овој предлог за избор на судии во апелационите судови туку и за безброј други случаи пратениците се доведуваат во состојба и позиција без располагање со целосни информации опсервации и лични перцепции да се определуваат и гласаат за непознати или малку познати личности. Пратениците треба да ги познаваат и лично личностите и работата на кандидатите што се предлагаат. Посебно пратениците од оние изборни единици и општини од каде тие доаѓаат. Додека, за време на расправата по тој предмет да изнесуваат поединости и тоа со критички осврт за постигнатите резултати но и за слабостите на кандидатите на објективен начин.

IV/7.-

Инаку, вака пратениците треба да гласаат само формално за непознати личности и работи и само по себе се претвараат метафизички во гласачка механичка машинерија. Може, но не мора да му се верува на Републичкиот судски совет. Меѓутоа, изгледа дека и тој нема убедливи и потполни информации или пак за нас уште не ги поднесува. Кратките и шаблонски биографски елементи што се поднесени за кандидатите не се доволни. Тие се само една мала и недоволна слика посебно за движењето во работата. некои кратки информации се добиени од нивните судови , колеги и претпоставени, често се они сами на чело на судовите од каде доаѓаат. Мислењето треба да го даваат непосредно и граѓаните и тоа на јавни трибини.

А, колку злоупотреби на службената должност и корупција имале судовите по сите инстатнци во минатото и во денешно време? Од многубројните само еден конкретен пример. Некаде 1973 година нај-важните централни средства за информирање во и вон Република Македонија под рубриакта "Црна Хроника" објавиле - на пет години строг затвор осуден судија на Окружен суд Скопје, додека тој ист судија осудил 10-тина невини граѓани во оваа Република Македонија.

Второ, сигурно е дека од трите апелациони судови ќе биде повеќе оптоварен скопскиот, што е и нормално и поради фактот дека во неговите рамки се наоѓаат повеќе од половината жители на Република Македонија. Нормално е тоа што овој суд ќе има 49 судии.

V /1 СЈ/НД

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Меѓутоа иако во предлогот нема податоци кои се однесуваат на националната припадност иако повеќе од половината жители во рамките на апелациониот суд во Скопје се албанци од 49 судии само тројца кандидати се од редовите на оваа националност. И, ова оди во серијата на апсурдите сега веќе познати. Кои се оние тројца и кој ги предложил тоа е друга работа, меѓутоа спрема овој предлог на албанците ќе им судат и осудуваат понатаму судиите македонци. Се знае дека доверба нема, нема да има и проблемите ќе се натрупуваат до бесконечност и со несогледливи последици за кои некој треба да ја сносува и одговорноста.

Предлогот за судии во Апелациониот суд во Битола од 24 исто така нема ниеден албанец, а се чини ни од редовите на другите националности како што нема ни во Апелациониот суд во Штип од 15 предложени.

Со предлогот на оваа листа ќе требаше да ни се достават и податоци за бројот и за другите елементи и од национален аспект. Затоа предлагам овој предлог да не се прифати и да се повтори целата процедура и новата листа да има толку албанци да на сите граѓани албанци во Република Македонија да им судат судии албанци. Тоа има повеќекратно значење да не го елаборирам опширно во оваа прилика.

Трето, уште една мала формална конкретна али не и безначајна забелешка и тоа што се однесува до кандидатот под реден број 26 Лирие Чоку која според името треба да е албанка, а према презимето можеби. Како што се случило и тоа, родена во Скопје, гимназија завршила во Скопје, факултет завршила во Скопје и правосудниот испит го положила во Скопје. По дипломирањето се вработила во Окружниот суд во Приштина како приправник, а потоа била избрана за судија на

Општинскиот суд во Приштина, потоа за судија на Окружниот суд во Приштина се до 1990 година кога била разрешена од оваа функција кога со семејството се враќа во Охрид каде што и сега живее и не е вработена, Ова движеше е чудно и бара детална анализа меѓутоа составувачот на реченицата се вработила во Окружниот суд во Приштина Сојузна Република Југославија, не ја познава ни најелементарно географијата, историјата,а за политиката и да не зборуваме. Што е тоа СР Југославија, која веќе не постои. Значи Приштина и Република Косово.

Благодарам. Тунга тиета.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Републички судски совет, членови, почитуван министре, почитувани дами и господа пратеници, со донесувањето на Уставот на РМ и по воспоставувањето на новата државна организација во која е судството како еден од сегментите од тројната поделба на власта има можности својата функција да ја остварува како самостоен и независен орган и на тој начин преку вршењето на својата функција да ги зацврстува и самото да се вгради во фундаментите на правната држава и во обезбедувањето на уставноста и законитоста, денес во современи услови на живеење кога очите на целокупната демократска јавност се свртени кон процесите на владеењето на парламентарната држава и кон остварувањето на афирмацијата на правната и основните слободи на човекот и кога дејствувањето на самостојното и независното судство е цивилизациска обврска и услов што не може да се замисли владеењето на правото и функционирањето на правната држава.

Воспоставениот однос на Републичкиот судски совет со Собранието на РМ е уставно правен, дефиниран во смисла што

Републичкиот судски совет утврдува и предлага кандидати за избор или судии за разрешување од судската функција. И во едниот и во другиот случај кога се исполните уставно - правните основи за тоа, а Собранието на РМ може да ги избере соодветните предложени лица за судии односно да ги разреши судиите од функција за кој тоа се бара, или да го одбие таквиот предлог. Ова значи дека Собранието на РМ не може да навлезе во оценка на законитоста и целисходноста на предлогот на Републичкиот судски совет како во првиот така и во вториот случај туку може само истиот да го одбие наведувајќи или не наведувајќи причини како што е пропишано со Деловникот за работа на Собранието на РМ. Овие односи може да се дефинираат како однос на два самостојни органи на државната власт при што секој од нив дејствува во рамките на своите овластувања и во својот делокруг на работа.

Облиците на соработка што може да се воспостават како и координирањето на активностите што е нужност за вкупната ефикасност и навремено извршуваше на посебните задачи и обврски се работи кои не засегаат во самостојноста, а се одраз на културата, цивилизациското ниво, меѓусебната почит и воопшто се прашања кои првенствено, и пред се, ги имаат предвид вкупните интереси на државата. Се разбира без да се наруши самостојноста и без тоа штетно да се одрази ан функционирањето на правната држава и на правата и слободите на човекот и граѓанинот.

Раководејќи се од фактот дека предложените кандидати ги исполнуваат пропишаните услови со Устав и Закон кои што го утврдил Републичкиот судски совет пратеничката група на СДСМ разгледувајќи го поднесениот предлог раководејќи се по принципот на уставност и законитост и заради овозможување на судската власт да ја оствари функцијата утврдена со Устав и закон за судовите заради обезбедување

на заштита на слободите и правата на граѓаните и градењето на правната држава, раководејќи се од основните принципи, од трајноста на судискиот мандат, неподвижноста на вршењето на судиската функција, тука самостојно, независно и другите принципи,принципиелно се определи уште за два принципи, а тоа се: сите предложени кандидати кои по позитивните законски прописи ги исполнуваат условите за стекнувањето на право на пензија преку искористување на апеонажа, или по било кој правен основ, нема да ги поддржи. Тоа не е основ дека не го почитува големиот придонес на тие судии кои го дадоа во вршењето на својата функција туку да овозможи пробив на млади стручни кадри кои ќе продолжат да ги афирмираат основните принципи кои се утврдени во нашите закони, а тоа е трајноста на судискиот мандат, неподвижноста на вршењето на судиската функција и принципот на самостојност и принципот на независност.

Оттука сметаме дека овој принцип како општ принцип ќе важи за сите кандидати кои ги исполнуваат условите нема да бидат поддржани од пратеничката група на СДСМ.

И, вториот принцип оние кандидати кои не биле во судството или имаат многу мал стаж во вршењето на судската функција респектирајќи го нивниот квалитет кој ги утврдил Републичкиот судски совет и раководејќи се од принципот на континуитет не ограничувајќи го да учествува во изборот на основните судови и по тој континуитет да си го обезбеди вистинското место во судската власт, и овие кандидати кои немаат доволен стаж или кои немаат работено односно ја немаат вршено судската функција, пратеничката група на СДСМ нема да ги поддржи.

Неприфатливо е за СДСМ и пратеничката група да се даваат општи квалификации кои значат и негативна, секундарна дискриминација на оние кандидати кои се наоѓаат на листата. Сме пристрасни да за секој

кандидат посебно бидат кажани аргументи и во соодветна законска процедура утврдена за вина тогаш ќе ги прифатиме сите аргументи. А, инаку ваквата негативна селекција правење со кажување на воопштени квалификации без да се утврди во строго формална процедура сметаме дека ќе му штети на судството на судската функција а исто и на остварување на правната држава.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, вие сигурно и при моето излегување на оваа говорница претпоставувате дека еве уште еден пратеник албанец, ќе проблематизира зошто не се застапени соодветно судии во апелационите судови. Навистина кога расправаме за една предлог листа која ни е предложена од Републичкиот судски совет првата наша констатација е дека се работи за една институција која навистина би требало до крај да ги согледува сите димензии, па нека бидат тие и политички за да може односно да можеме да бидеме задоволни сите тука како пратеници со застапеноста, нормално не оттргнувајќи го и тоа што е квалитет.

Меѓутоа, за жал, дали не е нешто вред на релација Парламент т.е. Собрание - Судски совет или и понатаму одиме по некоја погрешна логика уште кога формиравме Врховен суд на РМ, моравме да браниме стојалишта кои беа спротивставени во однос Комисија за прашања на избор и именувања, па Собрание и Републичкиот судски совет и моравме етапно да реализираме една политика која веројатно и нормално е да се реализира во самото Собрание како највисоко тело иако е законодавно тело во државата.

Откога беа објавени имињата односно откога беа објавени тие спискови, листи, предложени морам да ви кажам, јас не знам, јавно ќе кажам дека добивме и доста анонимни писмени и не анонимни писма

од разни асоцијации и како пратеничка група и како координатор кои изразија едно незадоволство со изборот на овие судии односно со предлоежната листа. И, сега се прашуваме"кој во која мера е одговорен односно одговорно се однесува за овие прашан>а кои се доста битни, доста значајни, затоа што полека, полека ние ја формираме и таа трета власт што се вика судска власт. Меѓутоа, по мое мнение некој како да е роден да создава проблеми и кога нема потреба, дури кога има и законска основа, кога има и став а во таа законска основа и тогаш да создава проблеми. Сега, дали е некоја судбина или пак некој има само една обврска, една задача да ги констатираат проблемите и ќе ги набројат на оваа говорница и преку разни изјави и тн. дека се ова не чини, а таков е судскиот совет, таков е Парламентот, такви се пратениците, такви се коалиционите партнери и тн. Добро, а тоа е работа на опозицијата, пред се, да констатира и да ги кажува тие проблеми кои се појавуваат во овој случај.

Меѓутоа, јас и мојата пратеничка група исправени сме пред најтешката задача. Зошто? Затоа што ние упорно форсираме дијалог, разговараме, разговараме за принципи во сето тоа како некој сепак да го користи таму каде што е, најодговорно треба да ја заврши задачата, постапува со дистанца од она што е одговорност. Зошто велам? Имаме судски совет од седум члена. Значи седум судии од тој судски совет, двајца од претседателот на државата тогаш предложени и тука е усвоена листата со седум и пет од Парламент. И, што се случува, при изградување на нивните критериуми и да не се сфати тоа дека се мешам во нивната работа, меѓутоа, бидејќи се поврзани работите и одговорноста морам да го кажам и тоа дека тие седум еминентни луѓе, затоа што имам почит сепак седум еминентни избрани со нашите гласови во ова Собрание. Се одлучуваат на тајно гласање и кога се

одлучуваат на тајно гласање тие четири кои ќе гласаат за или против така што априори може да се сфати и априори може да се констатира дека не можат да дојдат до израз тие критериуми кои ги изградиле и самите тие. Зошто? Затоа што двајца можат да бидат од различна националност, уште двајца на кој можат да им сугерираат, ќе бидат четворица и ќе се предлага листа која еве како што ја имаме со многу забелешки и тн.

Јас не кријам и ќе се задржам на тоа нека биде јавно како координатор на пратеничката група сум обавил активности да се укажува, да се внимава на член 40 од Законот за судовите за да може да се дојде до едно подносливо застапување на албанците судии во апелационите судови. Јас уште појавно ќе го кажам таков разговор сум обавил, не сум отишол јас скришно и со претседателот на судскиот совет, не сум барал и не сме барале да бидат застапени судии кои се партиски опре- делени со ПДП, никако. Тоа можам да го аргументирам со 101 аргумент. Меѓутоа тоа што е застапеност, тоа што е наша генерална политика и како пратеничка група ние и понатаму ќе настојуваме а во тоа мислам дека начелно секогаш имаме поддршка и од коалиционите партнери дека треба што повеќе да лиферираат кадри албанци во сите институции, во овој случај и во една ваква институција односно во апелационите судови.

И, до крај, на сите овие разговори форсирајќи секогаш дијалог и да ви кажам, исцрпни разговори, затоа што не сме останале само на тоа што е констатација ние бевме и сме се уште и денеска фер многу фер дури и многу скромни. Зошто? Затоа што ние знаеме дека конкурирале само 28 судии со албанска припадност, Исто така, знаеме, имаме податоци од тоа што се познаваме и тоа што имаме податоци дека сите тие 28 не ги исполнуваат условите дури и законски од тоа што се барало со оглас и тн. Меѓутоа, мојата пратеничка група има правници кои ги

знаат и се познаваат со тие правници кои конкурирале односно тие судии и крајно реално со сите тие разговори, наши, меѓусебни, дојдовме до една констатација, дојдовме до еден заклучок дека од тие 28,16 ги исполнуваат условите и тие 16 можат да се носат со таа проблематика.

VI/1. -ПЈ/МЛ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Со таа проблематика која ја имаат апелационите судови и со нивните колеги, кои се предложени во оваа листа. Каде сме сега? Само пет. Во 88, само 5,7 сме застапени. Не инсистираме како пратеничка група и јас велам не инсистираме во овој случај на адекватно застапување, затоа што сме скромни до крај како што реков дека се уште немаме квалитет кој може да биде застапен адекватно. Мислам по националната структура во Република Македонија. Дури ако некој мислел некој од членовите од тој судски совет дека треба да поминат, односно во листата да бидат толку и толку кандидати за судии во апелационите судови, при тајното гласање, веројатно и претпоставувам дека биле изненадени и самите како поединци, што испаднало дека треба да минат односно да има само предложени само петмина кандидати во апелационите судови. Што после ова?

После ова ни престојува пат,форсираше на дијалог, исцрпни разговори, па некој вели не е ваша работа како пратеници да го правите тоа, дури некои се осмелуваат и велат уште ли ние ќе се осмелуваме клучеви социјалистички и тн. меѓутоа како и кој има права да стави клуч на тие институции и да не може никој да ги отклучува да бидат застапени Албанците кои треба да докажат нивен квалитет во овој случај како судии на апелационите судови. Сега се доведуваме пак по се изгледа на една ваква состојба. Мораме ние како коалициони партнери или како пратеници да коригираме, затоа што таа можност ни се дава и можеме да правиме корекции затоа што ќе гласаме за и против одредени кандидати. Јас барем засега ми дозволува таа или стасав до таа политичка култура да внимавам за дигнитетот на секој од тие што е предложен тука. Нема да спомнувам ниедно, ама баш ниедно име, меѓутоа можноста која ќе ми се даде и мене и на мојата пратеничка група да кревам рака за тие кои заслужуваат, односно да не кревам рака за тие

што не заслужуваат да бидат во оваа листа која е предложена. Но, уште еднаш напоменувам дека вакви грешки не се дозволуваат за плуѓе, односно претставници кои сепак треба да бидат секогаш на ниво и одговорни, затоа што треба и да се прашуваме. Овој судски совет кога го избравме со една таква национална структура, што ја има, одлучивме ние пратениците и тогаш и ние внимававме дека во овој судски совет треба да бидат застапени кандидати, односно кои исто така, меѓутоа, во овој случај требаше и тие да внимаваат за една застапеност, која пак ви велам, да биде подносливо. Затоа што се уште сметаме, ова што го кажав е реално, дека не можеме во апелационите судови да бидеме адекватно застапени, но треба оваа бројка да биде поголема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Друг некој дали бара збор?

Господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Бидејќи јас не сакав да се произнесувам од името на моја- та партија, затоа што ние не расправавме малку поорганизирано за овој проблем, сметам дека е многу актуелен, меѓутоа, ме изненадија неколку дискусии тука од претставниците на сите партии, па и на СДС и на другите партии во врска со предлогот што го предлага нашиот ценет Републички совет.

Кај мене се раѓа една сериозна дилема сега што бараме ние како пратеници, дали веруваме во она што сме го избрале, што сме предложиле, или не веруваме. Од целата дискусија испадна дека не веруваме. Зошто? Па, заради тоа сакам тој да суди право, ама да ми ги дозволи моите потреби. Знаете, тоа се две работи многу битни. Ако така одиме во таа смисла, верувам дека никогаш нема да ги зеде нечии

потреби, а да имаме правичен и компетентен судија лично го изнесувам моето мислење. Јас се однесувам на она, а избравме еден квалитетен републички судски совет од најкомпетентни, најодговорни луѓе, најодговорни така тоа треба да го треба, јас тоа така и го сфаќам и им верувам на луѓето кои се член на овој судски совет. А верувам дека и Министерството за прага има влијание во овој однос, не знам до крај, чисто сметам предлогот на судиите сега што е предложен, според нивните нуми, според нивното убедување ги задоволува потребите, она шт5а да претставува Скопскиот апелационен суд, Битолскиот и Штип Ние сега не можеме да расправаме за ништо што практично јако пратеник дали можам до крај да имам сознание за сите судии во апелационите судови. Па, тоа би било илузорно пак можам тоа да го направам, заради тоа што ниту сум комплетно до крај, па ниту сум стручен, ниту можам да ја следам работа на сите судии кои се предложени. И не си давам за право сега кажувам дека судија Бранко Арсовски,под наводници, не е добар затоа и тоа, а не ги знам сите негови особини и стручни способности. Јас да ви кажам ние ако дојдеме до една оценка тука, најверојатно е сите на нас ќе си најдеме мана, заради тоа што мислиме дека сме најкомпетентни, најстручни и морални квалитети и тн.

Апелирам во таа смисла, бидејќи паднаа предлози да се менува голем број на судии тука, тогаш ќе ја доведеме во ситуацијја. вратиме и постапката за предлогот на избор на новите судии тоа ќе го усложниме. Јас лично верувам на луѓето што го предлогот и никогаш не поаѓам да имаме клуч, да имаме национално обележани заради тоа што за мене дали е албанец, србин, македонец, јас го ам дека тој е судија, треба да ме суди и јас му верувам нему. Никогаш нема мене барем, тоа е мое

убедување лично да верувам повеќе во македонец, а да не верувам во албанец. Токму напротив верувам во оној што суди.

Јас сега ќе ви кажам еден пример од Куманово, имаме еден голем број на правници, ако сакате и македонци. Меѓутоа, предложениот кандидат од судскиот совет, тој е албанец, значи, ќе ги претставува сите правници на ниво на општина Куманово од еден таков, таков број. Меѓутоа, верувајте најискрено јас верувам дека предложениот кандидат ги исполнува сите критериуми што ги има зацртано самиот судски совет. Јас му верувам на тој кандидат, без разлика дали е тој албанец, заради тоа што е компетентен, квалитетен, искусен и може тој извонредно да биде претставник на правдата, значи да ги почитува сите закони. Во тој контекст се залагам и го прифаќам целиот предлог што го имаат предложено Републичкиот суд- ски совет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Излегов да кажам дека навистина не сакам некој да ме интерпретира како што сака тој. Можам само да ви кажам дека во ние-ден случај јас не реков дека ќе се мешаме таму кога ќе почнат овие судии да судат во апелационите судови. Меѓутоа се додека се утврди и потврди таа листа тука, ние имаме право да го кажеме нашето мислење, а откога ќе бидат избрани тие судии, тогаш веќе ќе бидат независни, ќе судат како што треба да се суди, тие го знаат тоа најдобро и јас во ниеден случај не мислев дека сакам мој судија да ме суди. Тоа е апсурд и јас мислам дека така не е добро. Но, се додека ќе бидат избрани да го

кажеме нашето мислење. Обично, јас тоа што е клуч го објаснив, како што објаснив и не сакам да го повторувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас се чудам како мојот пријател Рамадани извлече заклучок дека мојата дискусија се однесува на неговата дискусија. Баш нема врска. Целата моја врска беше општа дискусија и целата таа работа што јас ја дискутирав не се однесува на Рамадани, ама нема баш ништо од тоа. Дискутирав општо и си се задржав на моите принципи за кои јас сметав дека се тоа принципи валидни, квалитетни и за- тоа го поддржав она што го поддржав. Инаку, нема врска дали верувам или не верувам. Јас верувам во сите судии кои ќе бидат избрани од најкомпетентен орган.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, се надевам дека се разбравте.

Господин Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господо, почитувани господа министри.

Можеби немаше да станам да кажам ништо по оваа материја ако како пратеници овде не ни е јасно нешто што мора да ние јас- но. Заправо, мора да ни е јасно нешто што пишува во нашиот Устав на Република Македонија и тој Устав е на некој начин во почетокот верифициран од повеќе институти и институции од Европа и пошироко и заради тоа во тој Устав се зборува за една, да речам условно,  матична

нација и за националностите во Република Македонија. И нека не ви е чудно кога доаѓаа едно време овде во Република Македонија, да ги набројам некаде бидат 83 делегации и тие се интересираа за правата на националностите какви човечки, изворни права имаат, понатаму дали учествуваат во локалната власт во Парламентот на Република Македонија, во судската власт и во извршната власт. Сите така прашуваа. Јас напротив, ќе ви кажам право, со моја партиска група, заради тоа што некои се водеа овде, а многу повеќе во Клубот на пратениците, прво, јас ги тестирав групите, да кажам, прашував дали има Роми кај вас во Грција. Тоа го прашав, зашто имаше двајца од Грција. Ништо не одговорија. А има околу милион роми. Сега скоро пишуваше таму дека околу 70 илјади се полежина напра- вени, заради тоа што некој полицаец е удрен и сега сите ќотек, да ми простите до срање. Да кажат кој е. Да ми извинете на овој збор што од оваа говорница го кажувам ова, заради тоа што и Македонската телевизија тоа го кажа само на ромска програма тоа малку го кажа.

Станав да кажам некои работи овде, бидејќи се зборуваше за судии кои што се предложени, кои биле едно време не знам што, кои биле поткупливи, кои осудуваа без корпус деликт, кои правеа не знам што, н езнам какви малверзации и тн. Сега се прашувам, ако Социјалдемократскиот сојуз, односно Сојузот за Македонија ако постоеше, дали ние денеска многу ќе расправавме за ова. Јас верувам дека немаше да расправаме многу, туку кога ќе поминеа овие работи со три-четири дискусии, се знае од кого, и така тоа ќе се усвоеше. Меѓутоа, добро е што и минатиот пат и сега, а веќе и понатаму ќе излегуваат некои работи, некои буви, кои што се правеа во Република Македонија, односно што постојат и нека не ми биде забележано на господата пратеници уважени што ме слушаат убаво, ако сакате јас можам и да го спуштам малку гласот.

VI/7.-

Сакам да кажам дека на мене воопшто не ми е важно кој ме суди, дали кадија те тужи, дали те суди, дали те тепа, тоа е едно. Така беше едно време, мислам дека не е баш така, кадија те суди, кадија те тужи, кадија те беси и тн. Веројатно не е така. Сигурно имаме кои судии, кои извршуваат тоа судење и тн. и заради тоа што постоиме како нација,како националност овде, јас го поддржувам она што го бараат братучедиве мои Албанци дека треба и од таа страна да има повеќе за тоа, затоа што тие имаат кадар, Ромите немаат кадар. Педесет години никој не учел од Ромите, никој никого не форсирал, никој никому не помагал за да може да биде тука. Да може да биде на некаде на друго место, па денеска и јас да зборувам за некој си. Имаме еден адвокат, сакаме да го предложиме. Тој не конкурирал до денес, нема конкурирано. Еден адвокат и тоа со сила го направивме адвокат. Мора да положи правосуден испит и да биде адвокат. Видете, колку е тоа смешно и колку е тоа сиромашно и колку е бедно. Во една држава во која икс жители се Роми да нема еден судија, да нема еден во апелациониот суд. Колку е тоа исправно, колку е тоа право, колку е тоа еднакво, колку е тоа убаво. Илјада пати е полошо. Значи, сакам да кажам дека ова е поука за тој народ таму. Никаде не пишува дека Ромите не смеат да учат. Вие сте во право, господо Македонци, по род Македонци. Затоа што и јас сум Македонец. Меѓутоа, се знае каква била ситуацијата и останале так- ви, ќе чекаат многу време се додека не дојдат до степен да влезат тука, односно да влезат во судовите и да влезат во овие други инстанци каде што се дели правдата.

Ако се сеќавате јас поставив едно пратеничко прашање колку има средности Роми запишано. 141, замислете 141. Од нив сигурно ќе отпаднат 90%, кој лево, кој десно и ќе завршат 50-тина души и тоа е тоа. На факултет којзнае колку, може еден, може ниеден и тн.

VI/8.-

Господинот Владо Поповски знае,нему му досаѓав и дома за запишување на факултет и другите министри и тн., и колку ќе успееме, толку. Сакам малку да се произнесам и морам да ви признам дека којзнае зошто јас не знам дали сум толку многу убав овде вака пред вас, односно пред Република Македонија, имам најмалку десетина писма од Република Македонија, имам од Скопје пет, шест писма, кои што зборуваат за составот на апелационите судови. Оние што се предложени, зборуваат за одредени личности кој што правел едно време, сега, како се однесува и тн. Јас не сакам да спомнам никакви имиња. Се зборува одредена личност за млада дама во Општински суд I, не е важно. Никој не спомнал име, па и јас нема да спомнувам име. Но, сигурно нашиот Судски совет, тој знае, тој предложи и ние сме должни да размислиме овде. Немојте да мислите дека ние ќе најдеме во нашите судови луѓе кои што биле само исправни. Па не сме се родиле вчера. Ние имаме луѓе од памтивек овде кои и по налог судеа, затвораа и тн., уште ги имаме. За 100 години можеби тогаш ќе имаме таква промена што ќе имаме невини луѓе што не се замешани, не биле замешани во тие афери од 1945 година, па наваму и тогаш нема што да се збори.

Ви благодарам што ме ислушавте и немојте да комплицирате многу работи, ни требаат овие апелациони судови, а не е лошо уште еднаш да се прелистаат предлозите, да се види што е што, па можеби ќе се најде нешто што треба некоја промена. Јас немам свој предлог, меѓутоа, гледајќи и слушајќи што се зборува, најверојатно има нешто. Не може некој џабе да зборува така, затоа што сите сметаат дека сме интелигентни и имаме 400 грама мозок. Според тоа, да внимаваме што правиме.

VII/1.-JH/0M

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Можеби се лажам , меѓутоа ми се наметнува впечатокот дека ниту ние пратениците ниту претставниците, односно членовите на Републичкиот судски совет не извлекоа доволно поуки од претходниот избор на ' судии во Врховниот суд на Република Македонија кога мораше постапката да се врака и, на три наврати да го докомплетираме Врховниот суд на Република Македонија. Досега претпоставував, меѓутоа, после настапот на Туше Гошев уверен сум дека и вечерва ќе присуствуваме на една лоша претстава во која по некој претходно утврден договор ќе имаме кревање на раце за одредени раце,односно не кревање на раце за други кандидати без никакви аргументи ќе имаме направено би рекол некоректна селекција од луѓето кои се ставени на листата што ни го има предложено Републичкиот судски совет. Од тие причини сметам дека е многу по поштено и по принципиелно од сите нас како пратеници во парламентот да донесеме одлука да ја вратиме комплетно листата што ја имаме добиено од Републичкиот судски совет на повторно разгледување затоа што мислам дека е неподелено мислењето кај многу претставници од сите пратенички групи, во тоа се уверив и на вчерашната расправа на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, затоа што кај претставници од сите пратенички групи има премногу забелешки на тоа како е водена постапката за доаѓањето до овој предлог на судии за апелационите судови во Битола, Штип и во Скопје. Имено повторно го изнесувам ставот на пратеничката група дека воопшто не сме задоволни од начинот на кој Републичкиот судски совет не известува нас за водењето на таа постапка, затоа што сметаме за една ваква сериозна и важна работа Републичкиот судски совет треба да излезе со комплетен извештај во кој може да се види на кој начин е извршено операционализирање и објективизирање на критериумите според кои е направена селекција и избор на кандидати кои се предложени на оваа листа.

Од тоа што ние го добивме имаме само кажано една бројка колку конкурирале, колку се избрани и кратки биографски податоци во кои се содржани податоци за тоа како некој се движел во струката и каде е роден, кога завршил факултет. Од ништо не може да видиме колку предмети обработил, на кој начин ги работел , колку има заостанати предмети, колку имало поплаки на тоа што го работеле и т.н. Значи немаме релевантни факти и информации од кои ние како пратеници со дигањето на своите раце можеме да се одлучиме дали при предлагањето на листата на судии Републичкиот судски совет се водел од некакви свои субјективни проценки, или се водел од некои објективизирани критериуми кои фактички ние и не ги знаеме. Заради тоа барам во име на пратеничката група на Либералната партија пауза од 15 до 20 минути откако ќе заврши општата расправа за да можеме да направиме дополнителни кон ситуации во врска со поединечното гласање за кандидатите кои се на листата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател, јас се мислев дали да дискутирам, но на крај се одлучив да кажам неколку зборови, не долго, туку кратко од причина што и што да се каже тука ситуација- та е сосема јасна, но претежно се обраќам на јавноста за да изнесеме некои наши размислувања во однос на предлогот што денес го имаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам обратете се на пратениците. На јавноста имате други начини, соопштение, конференции за новинари и т.н.

VII/3.-

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас се обраќам по мое уверување на јавноста. Нели тоа е мое право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги игнорирате Вашите колеги. Ова е Парламент и во Парламентот се разговара со пратениците. Продолжете онака како што налага Деловникот. Вие имате право да се обратите на пратениците.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ќе се обраќам таму каде што јас мислам дека треба да се обратам. Ако некому тоа е по волја, тоа е нешто друго. Дали јас можам да продолжам со говорот.

Лично во целост го поддржувам настапот на г-динот Аце Коцевски особено од аспект на игрите кои се прават зад завесата за да овде во Парламентот ние гласаме поединечно, а не групно за предложената листа од причини што како секој пат игрите се прават некаде зад завесата, а овде само се продефилира за да се изнесат некои пред се би рекол ставови или лични или маркетиншки и т.н. Мислам дека треба да се има во предвид тој апел на г-динот Коцевски ако ништо друго особено од аспект на тоа дека сметам дека сите во оваа сала се пред се морални луѓе и нивното достоинство не треба да дозволи да се стави на коцка дигнитетот и авторитетот на одредени кадри кои одеднаш станувaат не подобни да кажеме за актуелната позиција. Лично мислам дека кога ќе се анализира предлогот даден од Републичкиот судски совет и информациите кои се дадени до нас пратениците јас наполно имам спротивен став на г-динот Арсовски и во никој случај не можам да дадам бланко поддршка на предлогот на Републичкиот совет од причини што немам ни елементарни информации на база кои јас да кажам би можел

сходно моите познавања ако ништо друго барем компетентно да одлучувам за предлогот кој денеска ние го расправаме. Значи ова мое становиште пред се го засновам на горкото искуство кое го има мојот народ особено од судската власт во Македонија почнувајќи преку елементарните прекршоци за стопански прекршоци, прекршоци од друга дејност, а особено од политичка сфера кога секој пат се добива вака во најголем број случаи највисоките, односно. најголемите казни за одредени прекршоци. Па во таа смисла немам никакви илузии дека треба некому бланко да му дадам доверба па било тоа да е во случајот Републичкиот судски совет. Значи ова како апел да никој пат во Парламентот не се доведеме во ситуација да на база елементарни информации донесуваме крупни одлуки. Можеби тие информации ги знаат господата од позицијата, но бидејќи и ние имаме свој мандат, мандат пренесен од народот заслужуваме да имаме елементарни информации за да компетентно одлучуваме. Понатаму јас би рекол дека и со овој предлог продолжува истата терапија со веќе познатите наркотици кога се во прашање идеолошките противници и не македонците како би рекол новинарскиот портпарол на Владата без портпарол во еден од режимските весници. Мимо вградената обврска во член 40 од Законот за судовите за немање дискриминација и соодветна застапеност и во овој предлог значи истата обврска на законот не се почитува и други дискутанти говореа во оваа смисла. Произлегува дека многу полесно е како не македонец да бидеш министер, или заменик министер отколку некој подрачен началник , или пак во случајот судија. Интересна логика како би рекол г-динот Сали Рамадани "сик". Во Апелациониот суд во Скопје од вкупните 49 судии се предлага само 3, или 4 судии да бидат албанци. Јас мислам дека овде има доста лингвисти кои ако сакаат да образложат од аспект на читање на тој збор имаат прилика да излезат на говорница и тоа јавно да го кажат заради јавноста.

VII/5.-

Јас се извинувам, тоа дека има лекари јас сум сигурен дека има, но јас знам дека овде има освен лекари и политички шекераши кои сигурно ќе имаат потреба од одредено укажување од лекарска струка.

Значи кога ќе се анализира структурата предложена за судовите во Скопје, а особено во Битола не може , а да не се констатира дека овој предлог претставува школски пример на граѓанска нерамноправнсот сходно за сите критериуми и залагања кои актуелната Влада на широко ги пропагира внатре , а особено во контакти со надворешниот фактор. Понатаму што се однесува до албанските партиципиенти во актуелната егзекутива истите пак се изненадени. И денеска протестираат најенергично овој денешен бисер е дел од нивната тајна непостоечка платформа на коалицирање. И дали има потреба во таа смисла да се коментира продолжената ролја во овој парламент позиција - опозиција. Сигурно не.

Во образложението при овој предлог за предложените кандидати се дадени податоци кои само опишуваат еден евулативен професионален од на предложените кандидати од кои сум сигурен е сличен , или идентичен на многу други кои конкурираа , но бидејќи не се по теркот на предлагачот денеска истите не се најдоа на листата. Зборот ми е дека во биографијата на кандидатите воопшто нема квалитативни показатели на база кои ќе може ние како пратеници да створиме елементарно информирање и елементарен суд за да поддржиме, или оспориме одреден кандидат. Во оваа смисла мислам дека ставовите на комисиите кои расправале по оваа тема особено укажуваат на сите овие недоследности и на елементарното не информирање, па јас во таа смисла истите ги поддржувам, а што се однесува до критичкиот тон на г-дин Туше Гошев навистина истиот звучи сосем реторички сходно на уводот на овој говор имајќи го предвид фактот дека овој предлог е на неговиот кандидат од истата егзекутива. И да завршам бидејќи и така се

што ќе се каже овде што се однесува до овој состав нема бог знае што влијание. Јас сум за фактот да овој предлог за избор на судии на апелационите судови се врати рикверц во нова процедура да во таа нова процедура се информираат сите носители во таа процедура, особено ние како парламентарци со адекватни информации од аспект на стручноста, компетентноста и моралноста на кандидатите кои претендираат да бидат вака условно кажано вечни делители на правдата во Македонија.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. И јас не сакав да дискутирам како што некој рече од претходните дискутанти по оваа точка, меѓутоа ме иритираше интенцијата и желбата да и по една ваква точка и еден ваков стручен предлог на овластен предлагач да се искористи за напад на власта и позицијата во парламентот по секоја цена. Јасно ми е дека секоја опозиција има основна задача што повеќе да ја оцрни власта и смени и меѓу другото и со докажување дека нуди лоши законски проекти, лоши предлози, покажува неквалитет во работењето, не ангажирање и слично. меѓутоа денеска навистина слушнав, јас барем многу невкусности за кои што сметам дека се со краток век и дека служат за политичка манипулација , а убеден сум дека народот нема да наседне на такви политички манипулации. Зошто го кажувам ова. Затоа што денеска слушнав апсурди дека Владата свесно го уништува земјоделството, дека Владата форсира свои трговски фирми, најновиот апсурд дека Владата овозможува можност и дава можност за насилнички однесувања и слично. Навистина апсурдно бидејќи не знам која би била таа Влада која би работела сама против себе и против своето опстојување. Меѓутоа изгледа дека секој може на оваа говорница да каже се и да остане жив.

И колегата Исмет Рамадани зборуваше за овие ситуации кога секој се обидува по секоја ситуација да каже со што мисли и своите аргументи против позицијата, Владата, власта, парламентот и слично па во тој контекст беше искористена и ситуацијата по предлогот за ставање на дневен ред толку навистина провидно инсистирање денеска да се стави на дневен ред една таква сериозна работа како што е информација за загрозување на животот на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Зборувајте за предлогот.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Денеска слушнавме се и од претходниот дискутант дека власта вака, меѓудржавни договори и слично. Сакам да кажам дека кога се во прашање највисоките вредности на оваа држава, животот, здравјето на граѓаните и неговиот имот, дека нема ниту партиски интереси на парламентарни групи. Последнава дискусија околу предлогот на судскиот совет продолжува во сита конотација и во исти стил. Паушално се кажува дека се предложени судии кои што во минатото, или во сегашницата работеле вака, работеле така, се однесувале така, суделе вака, или така, примале мито, или не знам какви погодности без истовремено да се конкретизира што би било најпоштено кој е тој судија. Се заборава дека со последниот предлог , предлогот гласи да се врати целиот пред- лог на судскиот совет на повторно нивно разгледување и предлагање. Се заборава дека на тој начин би искажале тотална недоверба спрема Судскиот совет кој што е избран, некој овде кажа и тоа е факт од овој парламент, па дури и во овој ист состав. Меѓутоа не значи само тоа, туку таквото одолговлекување истовремено би претставувало и попречување на конституирањето на судската власт во државата што

мислам дека  не е во ничиј интерес. Заради тоа сметам дека најлогично е ако имаме факти , или сознанија дека некој кандидат е несоодветен било поради која причина тоа или да се каже конкретно, или врз основа на тие сознанија да не се гласа за предложениот кандидат. Ставот во тој кон- текст на мојата парламентарна група го чувме, а повторувам дека е најголем апсурд да се врати целиот предлог на Судскиот совет на повтор- но разгледување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Аце Коцевски има процедурална забелешка.

VIII/1.- СП-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ :**

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Би сакал процедурално да интервенирам, мислам дека претседателот на Собранието има деловничка одредба кога некој од говорницата ќе го узурпира своето право и од говорницата ќе си земе за слобода да дава резимеа и по оваа точка од дневниот ред да дава резиме како се водела расправата , мислам дека не е добро посебно ако тоа се прави на карикиран начин што ја доведува јавноста во некаква недоумица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас го опоменав г-динот Бојков да се држи на темата, ве молам, како и сите кои ја злоупотребувате говорницата.

Има збор г-дин Зекир Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, пред нас се наоѓа предлог листата за избор на судии во апелационите судови во Скопје,Битола и Штип. Без оглед на тоа дека овие денови по овие прашања се зборуваше и на одредени комисии каде учествував и јас па ценам за сходно уште еднаш да го изразам своето мислење со надеж дека во суштина и другите пратеници кои учествуваа во оваа расправа дадоа свој придонес и мислам дека е ред да се почитува нивниот став и нивните предлози.

Јас овој пат ќе инсистирам уште еднаш и да ја образложам улогата на овие предложени кандидати за кои, за жал, како пратеници немавме доволно сознанија за нивниот квалитет и нивните поранешни залагања од аспект на нивната натамошна работа која е многу одговорна и во суштина со многу компетентност. Колку овие предложени кандидати

се компетентни или способни да ја извршуваат задачата, за жал, ние како пратеници немавме прилика од никој од компетентните на комисиите што не беа присутни, па користам прилика да ги поздравам, бидејќи нашле за сходно господата да бидат барем денеска тука и да ги слушнат нашите мислења. Лично за мене мислам дека немам никаква правда да гласам за или против оти ни еден од предложената листа не ги познавам, туку во суштина гледам дека некој од пратениците се залага и искажа многу аргументи, но со име и презиме не беа спомнати,туку беа во некои комисии што мислам дека е во ред тие работи до крај да се отворат.

Бидејќи овие апелациони судии се избираат за трајно време со што се утврдува третата власт што по мое мислење треба да биде независна од сите преокупации партиски, туку треба да бидат застапени луѓе кои во суштина се правници и со големо искуство.

Понудената предлог - листа без оглед што има квалитети и квалитетни судии остави на страна, сигурно не намерно, голем број кандидати кои имаат извонредни квалитети и својата професионалност ја покажале во нивната поранешна практика и искуство. Спрема тоа, предлог - листата излегува некомплетна и несериозна по мое мислење и во поглед на незастапеноста на националностите во Републиката и доаѓа директно во судир конкретно со член 30 и член 40 каде децидно се наведува дека при изборот на судиите и судиите поротници не смее да има дискриминација во однос на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Значи, при избор на судиите и судиите поротници без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон ќе се настојува да се обезбеди соодветна застапеност на националностите што во конкретниот случај не е така оти од вкупниот број од предложената листа која брои 88 во трите апелациони судови Скопје, Битола и Штип има само 4 Албанци и тоа само во апелациониот суд во Скопје без оглед

дека и во Битола треба да има најмалку три, а во Скопје околу 12 кандидати од албанска националност кои треба да бидат застапени имајќи предвид дека на листата се наоѓаат кандидати што имаат сериозни пропусти и забелешки од страна на законот, тргнувајќи од тоа дека овие судии се избираат со неограничен мандат на мислење сум тие предложени кандидати на кои по две години ќе им истече мандатот да не бидат избрани и да бидат предложени други наместо нив. Застапеноста на албанците да биде, ако не повеќе,барем со 23% колку е службената статистика на органите на државата, во спротивно ако не се измени предлог - листата ќе излезе многу смешно или ако смеам да подвлечам да направам една ваква споредба која по мое мислење е многу битна претставници Албанци што се претставени од страна на власта сите знаат дека се претставени со 5 министри, а тука не можат да бидат претставени со 5 судии на апелациони судови. Мислам дека овој апсурд треба поинаку да се разгледа и да се има во предвид.

На крај предлагам листата да се врати на разгледување повторно до надлежната комисија и да се коригира со забелешките кои ги дале аргументирано сите пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Велковски, претседател на Републичкиот судски совет.

**ТИХОМИР ВЕЛКОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, почитувани пратеници, навистина мислев повеќе да зборувам, меѓутоа се надевам дека ќе се обидам со пократки одговори на оние актуелни прашања да се добие слика што всушност претставува она за што некој од вас почитуваните пратеници се повикуваат како потреба за почитување. Пред се ненавраќајќи се на поранешниот систем на единство на власта за што

еден од пратениците спомна , ние со новиот устав на Република Македонија го прифативме принципот на поделба на власта. За тоа нема да елаборирам, ќе си земам слобода само да прочитам дел од образложението во Уставот кое е составен дел на уставните документи при донесувањето на Уставот .

"Во областа на судството со Уставот се воведе нов орган Републички судски совет кој треба да претставува завршеток на гран-ката на судската власт, орган кој ќе ја поврзува судската и законодавната власт. Судскиот совет е составен од членови кои се избираат од редот на истакнати судии, адвокати, професори по право што треба да обезбеди висок авторитетен и стручен рејтинг, бидејќи во неговата функција е оценката на стручната подготовка на судиите како основа за предлог за избор и разрешување на судиите кои судскиот совет ги доставува до Собранието на Републиката. Судскиот совет одлучува исто така и за дисциплинската одговорност на судиите1.'

По логиката на претходно образложената поделба на власта судскиот совет има исто така право да предлага двајца судии во Уставниот суд на Република Македонија. Со воспоставувањето на овој орган кој е карактеристичен за уставните системи на Шпанија, Франција, Италија и слични се заокружува независната позиција на судската власт овозможувајќи во најчувствителната област изборот и разрешувањето на судиите проценката да ја врши стручен, а не политички орган. Јас мислам дека коментар на ова не е потребен.

Многу зборови паднаа, да не ви одземам време, ќе се обидам одговорот да го дадам преку пример во врска со членот 40 од Законот за судовите.

Членот 40 секој го цитираше како сметаше дека му користи. Јас ќе се обидам да го цитирам онака како што во суштина пишува и како во

суштина треба да се сфати. Значи, во членот 40 став 2 според кој за судија на апелационен суд може да биде избран државјанин итн. со испит, со ова со она, меѓутоа, вели да биде избран да се води сметка за припадниците на националностите соодветна застапеност, меѓутоа, без да се нарушат критериумите утврдени со закон. Но, овде никој не спомна за критериумите, никој. Ние имавме мноштво на кандидати, 378 кандидати. За пример реков ќе го земам судот во Скопје, па ќе кажам. За апелациониот суд во Скопје беа 247 кандидати пријавени од кои 23 актуелни судии на Окружниот суд, суд кој ја прифаќа надлежноста на апелационите судови. Се пријавија и 32 судии на окружните и стопанските судови. Тоа значи бројчано пријавени актуелни судии, судии кои веќе се селектирани во определени постапки, судии кои веќе биле општински судии, судии кои сега го заземаат тоа судиско место повеќе отколку што имаа систематизирани судиски места тоа значи систематизирани 49, а пријавени 55 што значи 6 судии веќе во стартот не можат да пријдат да бидат земени предвид за избор. Се разбира, ние сакајќи или не во размислувањето, во приодот ние моравме да водиме сметка токму на она што не би сакал да употребам збор приоритетно она што само по себе се наметнува затоа што тие судии се веќе хиерархиски така поставени. Се разбира за некои од судиите изборот можеби не беше можен, меѓутоа, заради тоа што имаше посебни причини од аспект на нивна возраст, исполнување на услови за старосна пензија, нивната стручност, компетентност, ажурност, чесност така што во регрутирањето на ваквиот приод моравме да ги имаме предвид веќе претпочитаните правила, претпочитаната досегашна реална хиерархи ја на вредностите.

Кога веќе сум тука само по себе ќе се наметне прашањето, јас се извинувам, но морам овој суд , бидејќи најмногу се експлоатираше со него да се послужам.

VIII/6.-

За апелациониот суд во Скопје се пријавија 26 од албанска националност. Избрани се 5 што процентуално значи 19,2 од пријавените. Тие што се избрани, избрани се 20 судии од Окружниот суд, се извинувам предложени , избрани во нашиот предлог мислам во таа смисла. 13 се од Окружниот стопански суд, еден е од Окружниот стопански суд во Штип и еден од Стопански суд на Македонија. Тоа се 35 активни судии, внимавајте ниво кое веќе го заслужуваат од 49 останаа 14 други. Со овие 14 други треба да конкурираат судии кои се од поранешните судови на здружен труд, судии кои биле за прекршоци поготово Републичкиот суд за прекршоци, општествени правобранители на самоуправување, видни адвокати итн. Каде кој би се нашол сега во ова размислување? Јас ќе се задржам токму на тоа што е најсуштествено. Ние од овие останати предложивме 7 општински судии се разбира со видни потврдени резултати што ние како стручен орган ги ценевме. Ќе си дозволите меѓутоа, тоа е сепак наша струка,наша должност и наша одговорност, а ако некој сака да провери нека повели ќе му дадеме, па сам нека гледа и да гледа кој колку предмети решил колку ажурно работи, колку му се обжалени, колку укинати, колку преиначени, колку потврдени сето тоа го има, но тоа не е за вас за пратениците, тоа е за нас, а довербата ќе ја оправдаме преку тоа дали навистина сме работеле онака како што сме задолжени по Уставот и законот.

Од овие 7 општински судии предложени се 3 од албанска националност. Процентуално знаете колку е? Јас не викам адекватно, туку соодветна застапеност не нарушувајќи ги критериумите. Јас не кажувам колку се Македонци пријавени колку од другата националност. Јас само сакам да кажам дека 3 Албанци се, 1 Турчин од Општинскиот суд и има 4 Македонци. Се спомна една Албанка, таа Албанка е потврдена се разбира со резултати оти таа студирала и работела во Приштина, па добро Приштина беше во СФРЈ и кога дојде до распаѓање на СФРЈ

дојде до прекин на нејзиниот работен однос таа морала да се повлече овде и таму имала еден нормален развој дошла до судија на Окружен стопански суд, тоа се работи кои ние сме ги ценеле и сме нашле дека навистина заслужува доверба да биде предложена за судија. Кога би се зела и таа предвид испаѓа дека од општинските судови 3 и еден друг покрај тоа што е невработена има 4 албанци во овој број кој рековме што останува. Двајцата пријавени албанци од окружното ниво двајцата се предложени, а вие сами знаете барем некој вика споредбено има добри кандидати што отпаднале ова и она, мене ми е жал и не само мене туку на целиот судски совет што навистина отпаднаа добри кандидати што не се предложени, добри и со добри квалитети, меѓутоа, постои надеж дека ќе се пријават барем за основното судство па ќе имаме добри основни судии, па со редот како идат нештата ќе бидат земени предвид како оди хиерархијата со време да дојдат на повисоки судиски места.

Другата работа што сакам да ја кажам е прашањето околу пензионирањето. Ние заклучивме дека секој оној што исполнува услови за пензија не може да биде земен предвид за предлагање. Исто така заклучивме секој оној кој почнувајќи од 1.VII.1996 година до 1.У11. 1997 година исполнува услови за старосна пензија да не се земе предвид. Тоа е содржано во предлозите. Тоа се гледа. Меѓутоа, дилемата се појави кај судијки кои имаат 35 години работен стаж, а се пријавени за судии. Зошто дилемата? во Уставот пишува дека судијата ќе се разреши кога ќе исполни услови за старосна пензија. Со старосна пензија ние знаеме кога може човек да се стекне има и со 25 години стаж ако има 65 години итн. да не го елаборирам тоа. Меѓутоа за жените посебно е нагласено дека жените стекнуваат право на старосна пензија не само за судии со исполнување на работен стаж од 35 години.

IX/1 ДВ/ПН

**ТИХОМИР ВЕЛКОВСКИ**: (Продолжение)

Со тоа што Законот за работни односи дава право на таквите лица, вклучувајќи ги и судиите да можат да продолжат да работат до 40 години, до условите кога и мажот ги стекнува условите за старосна пензија. Во таа дилема, за која што дилема ќе дозволите, ама се консултиравме со повеќе фактори, мислејќи дека ќе придонесат правилно да се реши, се заклучи дека правото на избор за остварување право на пензија е право и така пишува, кога ќе остварат право за старосна пензија, а не обврска. Затоа од тие кандидати односно кандидатки утврдени се 4, како кандидатки за избор на судии.

Јас повеќе не би сакал да зборувам бидејќи, очигледно има многу работи кои би се разјасниле во врска со ова. Но, да се разбереме, јас не би сакал да бидам погрешно сфатен. Ние за седницата на комисиите се известуваме, не се покануваме. Се известуваме со писмо дека Комисијата на таа и таа дата ќе држи седници, ве молиме за присуство. Дозволете, ние сме орган што не сме во составот на Собранието. За денес имам покана, која покана е со сите нишани како што вели нашиот народ, покана испратена до мене со која сум известен дека Собранието има седница со тој и тој дневен ред и во прилог ми е доставено решението. Ќе дозволите, јас како претседател на тој совет или било кој член од советот биде денеска поканет за да дојде на некоја седница и тоа не поканет туку известен дека денес ќе има седница, ќе дозволите ќе треба, да се почитува некој дигнитет, некој углед. Најпосле ние таму нешто работиме, не седиме цело време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас во својство на претседател на комисија во ова Собрание, мислам дека претседателот на Републичкиот судски совет ќе беше коректно на крајот во врска со присуството на работните тела, да каже дека имаше друг став по тоа прашање, а не дека судскиот совет не бил поканувал. Всушност, и самата расправа денес покажа дека е нужна соработка меѓу Републичкиот судски совет и Собранието. И во излагањето на пратениците и на седницата на работните тела и овде на говорницата и сите што имаа и различни ставови и приоди спрема предлогот, некој помалку некој повеќе, не го забележуваат тоа дека навистина ние треба да дејствуваме заеднички. Никој не го узурпира правото на Републичкиот совет, она што со Устав му припаѓа, но никој нема право уставната одредба дека Собранието го врши изборот, а постои уште една додатна работа која многу е тешка. Вели пратениците одлучуваат по сопствената совест, а сите овде 120 ја имаме. За да ја смириме таа сопствена совест, нас навистина ни треба аргументација, не навлегувајќи во оценката за стручноста, она што е во компетенција на стручните органи. Јас сум длабоко убеден дека оваа расправа што се водеше на ова Собрание, расправа од час и пол ќе и беше местото во овие тела. И ова ваше солидно сега излагаше, спрема мене, немаше да предизвика море на дискусија од типот на полно забелешки, ако ги имавме во вид овие факти што сега ги изнесовте и евентуално и други дополнителни за кои ќе имавме можност да се изјасниме во работните тела.

Всушност, работните тела и затоа се формирани во Собранието. Но, веројатно тоа прашање ќе го создаде практиката. Јас се надевам дека од сега натаму таа соработка ќе се подигне на повисоко ниво, се во функција на заедничката цел која ја имаме ние како Собрание и вие како Републички судски совет. Јас морам да признам дека тоа ваше убедување што го изнесувавте во јавноста и што ние на некој начин, морам да кажам сега, овде се воздржувавме да влеземе во дијалог во јавноста. Ова Собрание и понатаму ќе го почитува целосно вашиот став, до колку и вие бидете кооперативни. Јас се надевам дека тоа иднината ќе го покаже, со оглед што ни претстои огромна друга работа во однос на изборот на основните судови каде ќе треба во ова Собрание можеби, уште долго да се расправа, ќе се јават голем број на кандидати, се работи за голем број на организации низ Републиката итн. и каде во крајна линија нашиот контакт со граѓаните ќе биде утре, зошто за ова дигнавте рака а зашто за овој прекутевте или не дигнавте рака, затоа што и ние ја носиме совеста од денес до денот и мора да имаме аргументација за тоа. Но, да бидам искрен дека не сте ја само вие во овој случај пропуштиле можноста. Ние и сами во Собранието немавме доволно разбирање за тоа. Јас морам да кажам дека во еден период Комисијата за избори и именувања доби допис дека повеќе нема да доаѓаат предлозите не само вашите, и од другите овластени предлагачи што се со Устав и закон, што не е овластена Комисијата, туку со Устав и со закон други органи што се овластени, дека нема Комисијата за избор и именувања да ги гледа. Не се работи за суета. Се работи за тоа дека овде треба да се изврши изборот и треба да дојде проблемот сожвакан со сите аспекти, за да можат луѓето да бидат релаксирани и да бидат убедени во она за што гласаат. Мислам и ние тука како Собрание носиме

вина, а еве за новиот претседател едно упатство, затоа што јас имав проблеми и вчерашната седница да ја одржам, беше оспоруван кворумот,-.насочувани луѓето да не доаѓаат на седница итн. Јас мислам дека од ова искуство треба сите да повлечеме една заедничка поука, во корист на заедничката цел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Се извинувам што ве прекинав во довршуван>ето на расправата, но ценам дека треба да се даде еден коментар на едно видување од страна на претседателот на Републичкиот судски совет. Имено, на неговото видување на таа соодветна застапеност што ни беше презентирана тука, дека 26 Албанци конкурирале и 19 после од нив се предложени. Сметам дека тоа е погрешно интерпретирање на тој член од Законот и тој став од членот и дека Законот и тој член упатува на малку поинакво интерпретирање на целата работа, а јас тоа го гледам така како што сметам дека треба да биде. Одреден процент од вкупниот број на судии а не одреден процент што тие ќе се пријават. Инаку вака може да се надмудруваме и убедуваме, без да бидеме ни блиску до реалниот проблем кој постои. Јас сметам дека Републичкиот судски совет и во иднина не треба да поаѓа од оваа интерпретација, туку треба поинаку да ги согледува работите. Соодветна застапеност значи по вкупниот број на судиите кои се предлагаат, а не од тие што конкурираат.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас во врска со излагањето на претседателот на Републичкиот судски совет да кажам дека од неговото излагање сфатив или така јас разбирам, дека тој прави реконструкција на окружните судови, а не избор на нови апелациони судови. За мене е многу важно, сите кандидати да имаат подеднаква стартна позиција и никој да не биде привилегован, иако би требало да се почитува и аргументот дека биле судии на окружни судови. Според тоа, да заклучам, за мене ова е реорганизација, не избор на нови апелациони судови.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, денес односно вечерва сум особено задоволен и релаксиран затоа што од сите вас присутни овде, нека ми извинат некои, воопшто не сум оптоварен кого ќе избереме затоа што ни еден ниту ми се јави, ниту се обиде, ниту ќе имаше фајде ако ми се јавеше да ургирам за него. Според тоа навистина ја следам целава расправа многу незаинтересиран кој ќе бидат, но заинтересиран да избереме најквалитетните од кои се кандидирани. Во тоа треба да биде нашата суштина на Парламент, на парламентарна демократија и она што значи, најважното, независно судство или да прифатиме рамноправна, а во некои сегменти и власт која за служува и респект и која сигурно ќе биде соочена со поголема одговорност отколку нашата, ние денес да работиме повторно на границата на кворум. Судија на апелационен суд и на Врховен суд сигурно, верувам, тоа нема да си го дозволи.

IX/6

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Стојановски, денес имаме двотретинско мнозинство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имаше моменти. Едно време броев присутни беа 61 пратеник, со вас и со мене.

Да продолжам. Ќе бидам многу краток и по обичај ефикасен.

Јас се прашувам со кое право јас да верувам на вашите гласови господа кој ќе одлучуваат, а не не верувам на еден компетентен орган задолжен со Уставот кој работел на оваа материја, верувам совесно, чесно, аналитички, на крајот на краиштата имал и време и услови да ги провери сите тие кандидати, верувам и ги познава. Јас од предложените кандидати скоро не познавам никого. Го познавам кандидатот предложен од Тетово и за него имам информации дека ги задоволува критериумите кои се бараат. Значи, од таа гледна точка воопшто не сум оптоварен.

Меѓутоа, изборот ќе го одлучи тој што е најмоќен тука. Ќе ве замолам некој тука да ни фрлате пепел тука дека ќе бидете незаинтересирани, објективни, дека нема да создавате простор за нови решенија, било какви, затоа што овие работи овде веќе се видени. Мислам дека ќе излеземе најдостоинствено ако имаме причини да укажеме на недостатоци на предложен кандидат, аргументирани, не тесни, да неречам партиски и сл, затоа не можам да се согласам со повеке дискутанти тука кој енергично се залагаа практично зависни луѓе во моментот да бидат предложени за судии и дека тие луѓе утре ќе бидат независни. Каде го има тоа. Тоа не ќе може да се случи. Според тоа, да ги оставиме тие работи. Се знае, што е соодветност се знае што е

квалитет и даде веќе од секое прашање од секоја малку посериозна материја да не правиме тука фарса, да се девалвираме и како стручни луѓе и како компетенти и како пратеници. Никакво враќање на листите. Предлагам вечерва максимално да си ја завршиме работата, чесно, поштено, ако сакаме утре да имаме независно судство. До колку некој ни се провре со многу интервенции, ќе имате тие проблеми тие што ќе го гласаат и од каде што дошол кандидатот. Јас со тоа сум растоварен.

**ИСМЕТ РАМАДАКИ:**

Навистина имам и разбирање кон колегите кои сакаат да ја завршат работата побрзо, меѓутоа, не знам дали со внимание слушнавте уште еднаш дека ние во овој Парламент имаме колеги наши пратеници кои до крај ја девалвираат нашата функција народен пратеник. Ако ние и понатаму дозволиме вака, затоа доаѓа во прашање и авторитетот на овој Парламент и нашиот авторитет поединечно како пратеници, Сега имавте една добра прилика, јавно од оваа говорница колега наш кој исто така е пратеник, дозволува да ја девалвира функцијата пратеник. Ако ние продолжиме така, ако дозволиме вакво нешто, навистина тогаш веќе треба да се прашуваме што всушност преставуваме тука.

Да се надоврзам на дел од дискусијата на г-динот претседател, за кој јас и во првата дискусија реков. Не случајно, реков, еминентни луѓе, тоа што реков еминентни реков, затоа што имам почит кон нивната стручност и затоа се во тој судски совет. Меѓутоа, нема да дозволам, барем јас исто така да се девалвира од никого функцијата пратеник. затоа, нашите кажувања, нашите дискусии се дискусии затоа што сме и

повикани да го кажеме и нашето мислење и нашиот глас и не случајно сме тука. Сигурно не случајно сме тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, дајте сите поединечно и заеднички да го чуваме угледот и на пратеникот и на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТО ЈАНОВСКИ:**

Господа, јас ниту прозвав некого, ниту навредив. Сакам- една реалност, дека не сме само ние во државава како Парламент. Нас не избрале, пред се, граѓани ако сакате господа, не не избраа тие што треба да ги застапуваме овде и да бидат судии на апелациони судови. Дигнитетот не е нарушен со тоа што ќе ја кажеме вистината, а ние пред се треба да престанеме со тоа преголемо форсирање пратеничка група. Пратеничка група е едно, меѓутоа, господа вас не ве избраа пратенички групи, вас ве избраа граѓаните на РМ.

**ФАИК АБДИ:**

Господа пратеници, ако претседател Тихомир да ни каже она ќе беше сосема поинакво. Ние имаме совет што го избравме тука и ако е го прочита од Уставот и она што го на почетокот станеше господинот што ни кажа, моето укажување авторитет на Републички судски тој вонпартиски, и она што кажа, јас му верувам.

**ФАИК АБДИ:**

Опростите на мене се однесуваше тоа. Можам и јас да ги земам и да ги прочитам писмата, нема смисла према другите, тие што ми пишувале. Писма пишуваат на човек кого го ценат, така мислат дека сум исправен. Јас тврдам дека сум исправен.

Она што го кажа г-динот Тихо мислам дека заслужува полна доверба. Да му веруваме. Јас многу му верувам. Му верувам затоа што сме растеле заедно.

Јас ја поддржувам листата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. јас би бил многу кус и би сакал само да прокоментирам и направам една компарација помеѓу денешната работа и она што го правевме пред извесно време кога ги определувавме бројот на судиите, односно во таа постапка Судскиот совет најде за потребно, што по мене беше многу аргументирано, предлогот да го образложи со дебело образложение за начинот и постапката во определувањето на бројот на судиите. Односно со броеви на предмети, со броеви на решени предмети и слично што по мене тоа образложение беше многу издржано. На страна што полемизиравме за начинот и определувањето на бројот, конкретно тогаш за Битола. Но, по мене се јавува една недореченост, не сличност помеѓу тогашниот предлог и сегашниот, бидејќи за жал за судии за апелационите судови не наоѓаме никакво образложение за постапката и начинот на бирањето и предлагањето, односно немаме релевантни показатели како се стигнало до сите кандидати од толкав број.

X/2.-

За жал, морам да кажам отворено, мислам дека сите ќе го поделиме тоа мислење, дека сепак од овие 88 кандидати ние познаваме барем по некој, може би, но многу малку процентуално познаваме. Веројатно ќе ни остане една грутка во грлото во смисла на тоа дека сепак ќе гласаме за луѓе што не ги знаеме а воопшто не ни е образложено како е стигнато до нивниот избор. Не го спорам ниту квалитетот на никого, туку едноставно за жал што ни се наметнува такво размислување односно да мораме да одлучуваме за луѓе кои не ги познаваме без никакви аргументи за и против нивното работење во однос на ова што треба да го одлучуваме.

Второ, мислам дека сепак не истакнувањето на квалитетите на тие што се тука, сепак може би и самиот предлог што тука се нашле луѓе претставува истакнување на некои квалитети, но сепак, според мене, судскиот совет требаше да најде за потребно квалитетите кои тие ги најдоа со полна сигурност да ги искажат во овој материјал, ние да ги видиме, односно потполно да им веруваме во предлогот.

За жал, морам да се навратам за еден случај на еден пратеник, кој, за жал, искажа мислење на пратеничка група дека сепак тие ќе се воздржат од гласање за една групација на предложени кандидати кои по сите законски мерила ги исполнуваат условите да бидат на оваа листа и да бидат бирани. Но, за жал, пратеничката група се одлучила да не ги бира. Значи, пак се наоѓаме во ситуација да имаме веќе шаблонизирани избори, да имаме можности за селекција вон сите законски прописи и ме потсетува на некои случаи, скоро видени во смисла на деградирање на стручњаци кои, сепак мораме да признаеме во завршните години на својата кариера, сепак веќе се во завидна состојба со своите квалитети во струката.

Мислам дека сепак не е во ред начелно така да се размислува, туку во принцип треба да се размислува да ги видиме квалитетите. За

жал од друга страна тие квалитети неги ни гледаме во предлогот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

По барање на пратеничката група на Либералната партија објавувам пауза до 19,20 часот. Во 19,20 часот продолжуваме со гласање.

(Пауза од 18,55 до 19,35 часот)

Молам за бројот на присутни пратеници во салата. во салата се присутни 83 пратеници.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Вели Ведат да биде избран за судија на

Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (83 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Вели Ведат е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Стојанка Велкова да биде и избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(82 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Стојанка Велкова е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

X/4.-

Предлогот Милка Стефковска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(84 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Милка Стефковска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Катица Гошева да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(95 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Катица Гошева е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Мирјана Немет да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(94 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Мирјана Немет е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот м-р Симеон Малинков да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(94 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Констатирам дека м-р Симеон Малинков е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Стефка Ристеска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Стефка Ристеска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Маргарита Цаца - Николовска да биде избрана за судија во Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Маргарита Цаца Николовска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Мила Камбовска да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Мила Камбовска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

X/7.-

Предлогот Мируша Еленовска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Мируша Еленовска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Предлогот Шуретуш Бислимовоски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (89 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Шуретуш Бислимовски е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Борис Николовски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Борис Николовски е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Теофил Томановиќ да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (92 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

X/8.-

Констатирам дека Теофил Томановиќ е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Блаже Трпевски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(92 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Блаже Трпевски е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Симеон Никодиновски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(92 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Симеон Никодиновски е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Славица Бојаџиевска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(74 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (21 пратеник)

Констатирам дека Славица Бојаџиевска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Коле Мангов да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(70 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (23 пратеници)

Констатирам дека Коле Мангов е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Виолета Муратовска - Николовска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(75 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (19 пратеници)

Констатирам дека Виолета Муратовска - Николовска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Хариклија Мартиновска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(93 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Хариклија Мартиновска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот м-р Милка Ристова да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

(74 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (21 пратеник)

Констатирам дека м-р Милка Ристова е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

X/10.-

Предлогот Дане Илиев да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(73 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (21 пратеник)

Констатирам дека Дане Илиев е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Љубинка Бошковска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(32 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (68 пратеници)

Констатирам дека Љубинка Бошковска не е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Бранка Атанасовска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(76 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (19 пратеници)

Констатирам дека Бранка Атанасовска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Мирјана Карева да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(24 пратеници )

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (65 пратеници)

X/11. -

Констатирам дека Мирјана Карева не е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Зорка Барутчиска - Бочварска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (89 пратеници )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Зорка Барутчиска - Бочварска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот Лирија Чоку да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 92 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Лирија Чоку е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Ленче Софрониевска  да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Ленче Софрониевска,е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Невена Крцковска-Малинковскаида биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Невена Крцковска Малинковска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Здравко Василев, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (76 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (16)

Констатирам дека Здравко Василев, е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Ангел Величковски, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (19)

Констатирам дека Ангел Величковски, е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Вера Маркова, да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (91 пратеник гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Вера Маркова, е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Надица Калеска, да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (91)

Констатирам дека Надица Калеска, не е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Јорда Вељановска, да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (92 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Јорда Вељановска, е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Јанко Узунов, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (92 пратеника гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Јанко Узунов, е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Стеван Петанчевски, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Стеван Петанчевски, е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Слободан Џипунов, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(4 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (2 против)

Дали некој се воздржува од гласање? (81)

Констатирам дека Слободан Џипунов, не е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Вера Коцо, да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Вера Коцо, е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје

Предлогот Јордан Митриновски, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Јордан Митриновски е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Филимена Маневска, да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (17)

Констатирам дека Филимена Маневска, е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Рина Андреева, да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(93 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Рина Андреева, е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот Сафет Алиу, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (92 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Сафет Алиу, е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје

Предлогот Исмаил Лимани, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

